# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

краток документ

април-јуни 2023

Институт за европска политика. Скопје



ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај април-јуни 2023


Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери



Авторки:
Ардита Абази Имери
Ангела Делевска
Беба Жагар
Јулијана Караи



Превод од англиски на македонски јазик:
Ана Попова Манасиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2023

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток извештај ги резимира клучните случувања во врска со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ и се однесува на периодот од април до јуни 2023 година. Тој содржи информации од следењето на основите начела за пристапување во ЕУ, вклучително и на клучните настани во функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудство и темелни права.

## Клучни случувања

- Работната група го подготви предлогот за уставни амандмани и го испрати на расправа во Владата;
- Се одржа лидерска средба меѓу премиерот Ковачевски и лидерот на опозицијата Мицкоски, но не беше постигнат договор со опозицијата за донесување на амандманите и покрај неколкуте предлози и контрапредлози;
- Подготвена е нацрт-стратегијата РЈА за 2023-2030 и добиени се коментари од Организација за економска соработка и развој (ОЕЦД)/Поддршка за подобрување на раководењето и управувањето (СИГМА), но таа допрва треба да биде донесена од Владата;
- Постапките на Судскиот совет беа предмет на анализа и предизвикаа загриженост во однос на нивната законитост и транспарентност. Исто така, тие предизвикаа значителни реакции од државните функционери, стручната јавност, меѓународната заедница и поширокота јавност, што доведе до сомнежи за легитимитетот на институцијата. Поради тоа, беа запрени проектите и финансиските средства наменети за Судскиот совет и членовите на Советот беа повикани да дадат оставки;
- Причина за загриженост е и незапознаеноста на Советот на јавни обвинители со работата и постапувањето по предметите на одредени јавни обвинители, вратени од Специјалното јавно обвинителство во матичното обвинителство;
- Обновен е договорот со сегашното друштво за спроведување интегритет и психолошки тестови за судии;
- По доцнења и ревизии, на 14 јуни 2023 година конечно беше донесен новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители;
- Значајни настани се случија во врска со изградбата на Коридорот 8 и 10д: беа донесени измени на пет закони поврзани со овие проекти, обележани со европското знаменце, што предизвика загриженост кај Делегацијата на ЕУ;
- Новиот предлог-закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, објавен на ЕНЕР во јули 2022 година, треба да влезе во владина постапка, а почна и собраниската расправа за предлог-законот за борба против сериозни форми на организиран криминал и корупција од висок профил;
- Во Годишниот извештај на Националниот превентивен механизам за 2022 година, Народниот правобранител ги истакна итните проблеми присутни во психијатриските болници и во казнено-поправните установи;
- Владата ги одобри измените на Законот за основно образование, кои имаат цел да воспостават редовен воспитно-образовен процес за малолетните лица во воспитно-поправните и казнено-поправните установи;
- Министерот за правда ги потпиша измените и дополнувањата на Правилникот за распоредување, класификација и сместување на осудените лица во казнено-поправните установи за да им се обезбедат на жените кои издржуваат затворски казни исти права и бенефиции како и на мажите;
- Владата на 149. седница го финализираше предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Националната нацрт-стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 беше објавена во април, по што следуваше завршна консултација во јуни;
- Владата донесе програма за обезбедување на социјална сигурност за жените кои вршат земјоделска дејност, а ова решение за породилното отсуство подоцна беше внесено во предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, кој беше едногласно донесен во првата фаза;
- Годишната парада на гордоста, организирана од Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, се одржа на 24 јуни под мотото „Гласно и гордо".



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АА | Алијанса за Албанците |
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ГО | Граѓански организации |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европската конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕНЕР | Национален електронски регистар на прописи |
| ЕПИ | Институт за европска политика |
| ЕУ | Европска унија |
| УФП | Управа за финансиска полиција |
| ХКЧП | Хелсиншки комитет за човекови права |
| ИКТ | Информатичко-комуникациска технологија |
| ИСИС | Исламска држава |
| ЛГБТИ | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални заедници |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МРТ | Македонска Радио Телевизија |
| МЗМП | Македонско здружение на млади правници |
| НДИ | Национално демократски институт |
| НВО | Невладина организација |
| ОДИХР | Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОТА | Оперативно-техничка агенција |
| ПАР | Реформа на јавната администрација |
| ОВП | Отворено владино партнерство |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| ППП | Програма за парламентарна поддршка |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СИГМА | Поддршка за подобрување на раководењето и управувањето |
| СЈО | Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (Специјално јавно обвинителство) |
| ТАЕКС | Инструмент за техничка помош и размена на информации на Европската комисија |
| УПОЗ | Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Македонија |
| ВМРО ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ..... **6**
- Избори ..... 7
- Собрание ..... 7
- Управување ..... 9
- Граѓанско општество ..... 12
- Цивилен надзор над секторот за безбедност/разузнавање ..... 12
- Реформа на јавната администрација ..... 12

**Поглавје 23** ..... **14**
- Функционирање на судството ..... 15
  - Стратешки документи ..... 15
  - Управни тела ..... 15
  - Независност и непристрасност ..... 18
  - Одговорност ..... 18
  - Професионализам и надлежност ..... 19
  - Квалитет на правдата ..... 20
  - Ефикасност ..... 20
- Борба против корупцијата ..... 22
  - Државна комисија за спречување на корупцијата ..... 22
  - Јавно обвинителство ..... 23
  - Правна рамка ..... 24
- Темелни права ..... 25
  - Судска практика на Европскиот суд за човекови права ..... 25
  - Народен правобранител ..... 25
  - Затворски и притворски установи ..... 25
  - Заштита на личните податоци ..... 26
  - Слобода на изразување ..... 26
  - Ранливи групи и начело на недискриминација ..... 27
  - Родови прашања ..... 28
  - ЛГБТИ+ ..... 30
  - Роми ..... 31

# Функционирање на демократските институции



# Избори

На почетокот на мај се одржа конститутивниот состанок на работната група за измени и дополнувања на Изборниот законик. Работната група, предводена од адвокатот Александар Новаковски, доби две главни задачи. Прво, да се спроведат препораките и забелешките на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)/Канцеларија за демократски институции и човекови права (ОДИХР). Второ, да се работи на изработка на целосно нов Изборен законик. Новаковски изрази оптимизам дека роковите ќе бидат испочитувани, бидејќи законските измени мораат да се донесат шест месеци пред изборите. Сепак, најголемата опозициска партија, Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), во моментов не е дел од работната група. Тие побараа владата прво да предложи план за една изборна единица пред тие да се вклучат во финализирање на законското решение. Сепак, тие изразија поддршка за спроведување на препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Министерот за правда, Кренар Лога, го повтори повикот до ВМРО-ДПМНЕ да номинира свој претставник во работната група, а не да се занимава со јавно допишување преку медиумите. Истовремено, тој потенцираше дека приоритет во моментов не е конкретниот изборен модел, но истакна дека ставовите на ВМРО-ДПМНЕ ќе бидат разгледани при изготвувањето на законското решение.[1]

# Собрание

Набргу по потпишувањето на договорот, се разви дебата за деталите од договорот со „Бехтел“ и „Енка“, кои беа намерно скриени и од членовите на Собранието и од пошироката јавност. Сепак, на десетти април 2023 година, измените на различни закони влегоа во собраниска постапка, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на земјоделско земјиште, експропријација, урбанистичко планирање, минерални ресурси, работни односи, шуми, градежништво, како и Законот за стратешко партнерство со „Бехтел“ и „Енка“ за изградба на автопатишта. По протестите на здруженијата на археолози пред Собранието, беа повлечени предложените измени на Законот за културно наследство.[2]

Предлогот што предизвика значителни контроверзии и влезе во собраниска постапка беше амандманот на Законот за работни односи, со кој се бара зголемување на максималното неделно работно време од 40 на 60 часа. На деветти мај 2023 година, политичката партија Левица објави дека подготвила дополнителни 6.664 амандмани за спречување криминал во вредност од 1,4 милијарди евра.[3] На 26 мај 2023 година, по кратка постапка со користење на знамето на Европската унија (ЕУ), беа донесени пет закони, што предизвика реакција од делегацијата на ЕУ во Скопје за неоправдана употреба на знамето на ЕУ. И покрај тоа, претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, кој претходно изјави дека нема да потпише указ за донесување закон што вклучува одредба што некогаш била оспорена од Уставниот суд, на крајот одлучи да ги потпише измените на петте закони поврзани со изградбата на Коридорот 8 и 10д.[4]

1 „Изборни реформи: Прво ќе се имплементираат забелешките од ОБСЕ/ОДИХР, а потоа ќе се прави нов закон“, 360 степени, 3 мај 2023, https://360stepeni.mk/izborni-reformi-prvo-ke-se-implementiraat-zabeleshkite-od-obse-odihr-a-potoa-ke-se-pravi-nov-zakon/.

2 „Гневот расте поради забрзаните проекти за автопати во Северна Македонија“, Балканинсајт, 10 април 2023, https://balkaninsight.com/2023/04/10/outrage-grows-over-north-macedonias-fast-tracked-highway-projects/.

3 „Со 6.664 амандмани Левица го спречува најголемиот грабеж во историјата“, официјална интернет-страница на политичката партија Левица, 9 мај 2023, https://levica.mk/pres-centar/soopshtenija-reakcii/so-6664-amandmani-levica-go-sprechuva-najgolemiot-grabezh-vo-istorijata/.

4 „Пендаровски ги потпиша измените на законите за ’Бехтел‘ и ’Енка‘“, Prizma.mk, 29 мај 2023, https://prizma.mk/pendarovski-gi-potpisha-izmenite-na-zakonite-za-behtel-i-enka/.

Ова се случи кон крајот на мај 2023 година по консултациите со експерти за трудово право, поранешни судии на Уставниот суд и советници од неговиот кабинет.

Во периодот од февруари до април 2023 година, Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје спроведе теренско истражување како дел од Програмата за парламентарна поддршка (ППП) за да ја процени перцепцијата на јавноста за работата на Собранието, политичките партии, квалитетот на животот, политичките прашања и довербата во Северна Македонија. Истражувањето покажа дека перцепцијата на граѓаните за работата на Собранието останува во согласност со јавното мислење во текот на изминатите четири години. Ставовите кон функциите на Собранието, транспарентноста, работата на пратениците и реформите останаа непроменети. Во 2023 година, граѓаните ја оценија работата на Собранието со просечна оценка од 2,2 на скала од 1 (најлош) до 5 (најдобар), малку пониска од претходните години.[5]

Имено, резултатите откриваат дека многу граѓани сметаат оти Собранието треба целосно да ја искористи својата уставна надлежност за да врши надзор над Владата, при што 27% од испитаниците сметаат дека Владата има апсолутна контрола врз Собранието. Покрај тоа, 46% од испитаниците сметаат дека Собранието ја влошило корупцијата наместо да ја спречи. Во однос на реформските процеси во земјата, граѓаните имаат различни ставови за подготвеноста на Собранието да ги спроведе реформите за справување со политичката криза. Повеќето граѓани не сметаат дека бојкотот на работата на Собранието или намерно одложување на дебатите за да се спречи донесувањето или воведувањето закони не се валидни методи за изразување на политички мислења. Наместо тоа, граѓаните веруваат дека политичките кризи треба да се решаваат во рамките на Собранието, а не преку состаноци зад затворени врати на партиските лидери.[6]

На крајот на март и почетокот на април, Собранието почна со подготовка на нови заложби и активности за да придонесе за отвореност и транспарентност во рамките на Партнерството за отворена власт (ПОВ). Заедно со граѓанските организации (ГО), тие организираа работилница на која заеднички се изработи тригодишен акциски нацрт-план, кој треба да програмира цели и активности за учество на граѓаните во работата на Собранието, пристап до отворени податоци, надминување на бариерите за маргинализираните групи и друго, врз основа на глобалните трендови во мрежата за ПОВ.[7]

Во мај, во Собранието се одржа 21. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет – Република Северна Македонија и ЕУ.[8] Претставниците од македонската и европската страна ги разгледаа и ги изгласаа нацрт-амандманите, а на седницата едногласно се донесоа препораките. Планирани се уште два состанока, кои се очекува да се одржат во јуни и октомври 2023 година во врска со финализирањето на дијалогот „Жан Моне“, а Шнајдер предложи датумот за следниот состанок на МПК – МК и ЕУ да биде во ноември 2023 година во Стразбур.[9]

5 „Поглед на собрание: Перцепции на граѓаните за работата на Собранието на Република Северна Македонија (2023)“, официјална интернет-страница на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје, 1 јуни 2023, https://idscs.org.mk/en/2023/06/01/parliament-watch-citizen-perceptions-of-the-work-of-the-assembly-of-the-republic-of-north-macedonia-2023/.

6 Исто.

7 „Подготовка на нов акциски план на Собранието (2023-2025), Партнерство за отворена власт (ПОВ)“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 15 мај 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-podgotovka-na-nov-akciski-plan-na-sobranieto-2023-2025-kon-partnerstvo-za-otvorena-vlast-pov.nspx.

8 „Прв ден од 21. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет – РСМ И ЕУ“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 16 мај 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-21-sostanok-mpk-rsm-i-eu-1752023.nspx.

9 „Усвоени препораките од 21. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет – РСМ и ЕУ“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 17 мај 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-usvoeni-preporakite-na-21sostanok-na-mesovitiot-parlamentaren-komitet-rsm-i-eu.nspx.

# Управување

На втори април, најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ објави дека е прифатливо да се направат промени во Уставот врз основа на хрватскиот модел.[10] Притоа, премиерот Ковачевски одговори дека е потребен модел што одговара на македонското општество и на македонските закони[11] и е за уставни измени што ќе ги отворат кластерите и ќе ја направат Република Северна Македонија членка на ЕУ до 2030 година со заштитен македонски јазик и сигурна култура и идентитет.[12]

Неколку етнички македонски партии изразија подготвеност да го прифатат предлогот даден од ВМРО-ДПМНЕ[13], додека етнички албанските политички партии изразија силно несогласување со предлогот.[14] Партнерот во владејачката коалиција, Демократската унија за интеграција (ДУИ), го повика ВМРО-ДПМНЕ да испрати свој претставник во работната комисија за уставни измени.[15] И претседателот Стево Пендаровски се спротивстави на предложениот модел на ВМРО-ДПМНЕ.[16]

На четврти април, вицепремиерот Артан Груби, како главен координатор на проектот, и амбасадорката на САД, Ангела Агелер, го поставија камен-темелникот на проектот Коридор 8.[17] Сепак, се утврдија неправилности и одговорот на Владата предизвика загриженост дека постои злоупотреба и корупција. Платформата против корупција побара од претседателот на Собранието повлекување на дневниот ред, чија цел беше да се забрзаат измените на законите што ја олеснуваат изградбата на автопатиштата, истакнувајќи дека не е направена доволна процена на ризиците од корупција.[18] Договорот со „Бехтел“ и „Енка“ останува таен и е класифициран како деловна тајна,[19] додека опозициските партии изразија загриженост за потенцијалните санкции и доцнења што ќе треба да се надоместат од буџетот. ВМРО-ДПМНЕ тврдеше дека добила примерок од договорот. Сепак, тие одбија да учествуваат на собраниската седница за да им го објаснат договорот на

10 „Митева: при промена на Уставот на Македонија да се примени во целост хрватската преамбула“, официјална интернет-страница на политичката партија Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), 2 април 2023, https://bit.ly/3K4aqeZ.

11 „Не сум ни за, ни ПРОТИВ хрватскиот модел на уставни измени, не да се направи македонски модел, кажа Ковачевски“, Сакам да кажам, 5 април 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/ne-sum-nitu-za-nitu-protiv-hrvatski-model-na-ustavni-izmeni-tuku-da-se-napravi-makedonski-model-kazha-kovachevski/.

12 „Ковачевски за хрватскиот модел: Ни треба модел кој ќе одговара на македонското општество и на нашите закони“, ТВ 21, 5 април 2023, https://mk.tv21.tv/kovachevski-za-hrvatskiot-model-ni-treba-model-koj-ke-odgovara-na-makedonskoto-opshestvo-i-na-nashite-zakoni/.

13 „Партија од коалицијата на СДСМ го прифаќа ставот на ВМРО-ДПМНЕ за хрватски модел на Уставот“, Expres.mk, 4 април 2023, https://www.expres.mk/partija-od-koalicijata-na-sdsm-go-prifakja-stavot-na-vmro-dpmne-za-hrvatski-model-na-ustavot/.

14 „АА: Решението што го нуди ВМРО-ДПМНЕ е апсолутно непознавање на реалноста – доминацијата на еден етникум заврши еднаш засекогаш“, ***ТВ 21***, 2 април 2023, https://mk.tv21.tv/aa-reshenieto-shto-go-nudi-vmro-dpmne-e-apsolutno-nepoznavane-na-realnosta-dominatsijata-na-eden-etnikum-zavrshi-ednash-zasekogash/.

15 „ДУИ: ВМРО-ДПМНЕ да испрати претставник во Комисијата за уставни измени“, 24 Вести, 2 април 2023, https://24.mk/details/dui-vmro-dpmne-da-isprati-pretstavnik-vo-komisijata-za-ustavni-izmeni.

16 „Пендаровски за барањата од опозицијата за хрватски модел: Не треба да губиме време со тоа“, 6 април 2023, https://mk.tv21.tv/pendarovski-za-baranata-od-opozitsijata-za-hrvatski-model-ne-treba-da-gubime-vreme-so-toa/.

17 „Владата го назначи Артан Груби за координатор на изградба на Коридор 8“, ***Сакам да кажам***, 5 април 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vladata-go-naznachi-artan-grubi-za-koordinator-za-izgradba-na-koridorot-8/.

18 „Барање за повлекување на дневниот ред на 112. седницата на Собранието на Република Северна Македонија, закажана за 10 април 2023 година во 11 часот“, ***Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата***, 9 април 2023, https://bit.ly/44N0NZP.

19 „Договорот за градба на автопати е тајна, но ако не се изгласаат работите кои ги бара 'Бехтел-Енка' градбата ќе биде поскапа од 1,3 милијарди евра, вели Груби“, ***Сакам да кажам***, 12 април 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/dogovorot-za-gradba-na-avtopatishtata-e-tajna-no-ako-ne-se-izglasaat-zakonite-shto-gi-bara-behtel-enka-gradbata-ke-bide-poskapa-od-1-3-milardi-evraveli-grubi/.

пратениците на ВМРО-ДПМНЕ со безбедносни сертификати и инсистираа да се објави договорот. Дебатата дополнително се вжешти затоа што законите поврзани со овој проект се означија со европско знаме, на што реагираше Делегацијата на ЕУ во Скопје, велејќи дека употребата на знамињата на ЕУ за овие закони не е оправдана.[20]

Во однос на уставните измени, по барањето на бугарскиот министер за надворешни работи Николај Милков да биде консултиран за уставните амандмани, Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија одговори дека не постои ниту можност, ниту политичка волја за вклучување на Бугарија во процесот на уставните измени поврзани со пристапните преговори за членство во Европската унија.[21] По ова следуваше остра реакција на претседателот Стево Пендаровски дека барањето на Бугарија да учествува во процесот на носење амандмани на Уставот е скандалозно и дека дури ни окупаторите не ни поставувале такви барања.[22]

По неколкуте барања за лидерска средба на лидерот на опозицијата Мицкоски, на седми јуни конечно се одржа средба меѓу премиерот Ковачевски и лидерот на опозицијата Мицкоски, на која се разговараше за неколку предлози и контрапредлози.[23] Исходот од состанокот беше покана до опозицијата да биде дел од владејачката коалиција и да раководи со пет министерства. Спротивно на тоа, дополнителна контрапонуда од конкурентите беше уставните амандмани да имаат одложно дејство и да се формира техничка влада без вклучување на ДУИ. Истиот ден, ДУИ изјави дека се подготвени да излезат од владата и сепак да поддржат влада без ДУИ за да ја обезбедат европската иднина на земјата.[24] Според опозицијата, постојат различни толкувања на договореното.[25] Според

Ковачевски, одложното дејство на уставните амандмани претставува промена на преговарачката рамка, што не е остварливо решение. Втората контрапонуда на ВМРО-ДМНЕ е изборите наесен (септември или октомври) да бидат на три датуми и да се обезбедат гаранции од ЕУ за заштита на националните интереси на Република Северна Македонија.[26]

Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија, во однос на исходот од лидерската средба меѓу премиерот Димитар Ковачевски и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, изјави дека не ги коментира внатрешните дискусии, а од друга страна, во однос на уставните амандмани, ги повтори заклучоците на Советот на ЕУ од јули 2022 година.[27] Покрај тоа, амбасадорот Дејвид Гир

---

20 „Маричиќ: Европско знаме на законите за коридорите за да се избегне блокадата од Левица“, ***Слободен печат***, 5 мај 2023, https://www.slobodenpecat.mk/marichikj-evropsko-zname-na-zakonite-za-koridorite-za-da-se-izbegne-blokadata-od-levica/.

21 „Нема можност, нема волја Бугарија да биде вклучена во уставните измени, му одговори Османи на Милков“, ***Сакам да кажам***, 5 април 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/nema-nitu-mozhnost-ni-volja-bugarija-da-bide-vkluchena-vo-ustavnite-izmeni-mu-odgovori-osmani-na-milkov/.

22 „Ни окупатори не упатуваат такви барања како Бугарија, кажа Пендаровски“, Сакам да кажам, 6 април 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/ni-okupatori-ne-upatuvaat-takvi-barana-kako-bugarija-kazha-pendarovski/.

23 „Ковачевски: По средбата со Мицкоски има добра основа дијалогот за деталите да продолжи со работни групи“, официјална интернет-страница на политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), 19 јуни 2023, https://sdsm.org.mk/soopstenija/67927.

24 „Османи: Подготвени сме да поддржиме Влада без ДУИ, ако народот гласа за измените на Уставот“, ***Фокус***, 7 јуни 2023, https://fokus.mk/osmani-podgotveni-sme-da-poddrzhime-vlada-bez-dui-ako-opozitsijata-glasa-za-izmenite-na-ustavot/.

25 „Стојаноска: Дали СДС има проблем со гаранциите за Македонија од ЕУ или со тоа што ДУИ мора да оди во опозиција, па молчи за предлозите на ВМРО-ДПМНЕ“, официјална интернет-страница на политичката партија Внатрешна македонска революционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), 13 јуни 2023, https://bit.ly/44SMMK7.

26 „Милошоски: СДСМ јасно да каже кој од двата предлога на ВМРО-ДПМНЕ го прифаќа“, 360 степени, 10 јуни 2023, https://360stepeni.mk/video-miloshoski-sdsm-jasno-da-kazhe-koj-od-dvata-predlozi-na-vmro-dpmne-go-prifaka/.

27 „Делегацијата на ЕУ не ја коментира лидерската, во врска со уставните измени вели дека тоа јасно стои во заклучоците на ЕУ од јули 2022 година“, МИА – Медиумска информативна агенција, 12 јуни 2023, https://bit.ly/3rFJfAz.

изјави дека не треба да се очекуваат нови договори, гаранции или ветувања во однос на пристапниот процес на Република Северна Македонија во ЕУ во однос на барањето на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, за цврсти гаранции од ЕУ дека барањето за вклучување на Бугарите во Уставот ќе биде последно.[28]

Предлозите на работната група за уставните амандмани се подготвени, но сè уште не се дискутирани во Владата. Според премиерот, за нив ќе се разговара откако ќе бидат подготвени од службите и кога ќе дојдат на дневен ред.[29] Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) ја повика ВМРО-ДПМНЕ да номинира и да испрати свои претставници во работната група за уставни измени.

Односите меѓу земјите и понатаму се под влијание на инцидентот во Струга поврзан со нападот врз претседателот на здружението на Бугарите во Република Северна Македонија – „Шемето" од градот Струга. Ваквите настани продолжуваат да ги разгоруваат дискусиите на социјалните мрежи. Министерството за надворешни работи (МНР) повика на воздржување од избрзани заклучоци додека не се спроведе истрага.[30]

Уставниот суд ја отфрли иницијативата на политичката партија Левица, со која партијата го оспори и побара поништување на Статутот и програмата на бугарскиот културен центар „Иван Михајлов" во Битола.[31]

Во врска со изборите, на почетокот на јуни, Националниот демократски институт (НДИ) ги објави резултатите од анкетата „Северна Македонија: Перцепција на граѓаните за општата состојба, економските политики и заштитата на потрошувачите" спроведена на средината на април. Резултатите покажуваат дека ако утре се одржат парламентарни избори, 21,5 отсто од гласачите би гласале за опозициската ВМРО-ДПМНЕ, 13,9 отсто за владејачката СДСМ, а 6,2 отсто за ДУИ. За 2,2% од испитаниците, опцијата е неважечко гласачко ливче, а 16,7% се изјасниле дека нема да гласаат. Според анкетата, 3,6% од испитаниците би се одлучиле за движењето Беса, 3,4% би гласале за Алијансата за Албанците (АА), 2,9% од гласачите би ја поддржале Левица, а 1,7% од испитаниците би гласале за Движењето на Максим Димитриевски.[32]

Сè уште не е решено прашањето со датумите на претседателските и парламентарните избори и нивното преклопување, што може да доведе до период без претседател, што, според мислењето на експертите, е ситуација што треба да се избегне.

28 „Гир: Не треба да се очекуваат нови гаранции за ЕУ", Дојче веле, 15 јуни 2023, https://www.dw.com/mk/gir-za-baraneto-na-vmrodpmne-ne-treba-da-se-ocekuvaat-novi-dogovori-garancii-vetuvana-za-vo-eu/a-65922483.

29 „Уставните амандмани нема да бидат разгледани на денешната владина седница", Канал 5, 20 јуни 2023, https://kanal5.com.mk/ustavnite-amandmani-nema-da-bidat-razgleduvani-na-deneshnata-vladina-sednica/a587473.

30 „Случај Кадриески: Инцидент во критичен период", Дојче веле, 14 јуни 2023, https://www.dw.com/mk/slucaj-kadrieski-incident-vo-kriticen-period/a-65909008.

31 „Уставниот суд ја отфрли иницијативата за Здружението 'Културен центар Иван Михајлов – Битола'", ***МИА – Медиумска информативна агенција***, 14 јуни 2023, https://bit.ly/3Q8Imel.

32 „НДИ: Граѓаните најзагрижени за животниот стандард, ниските плати и пензии, криминалот, корупцијата", МИА – Медиумска информативна агенција, 6 јуни 2023, https://mia.mk/en/story/ndi-citizens-most-concerned-about-living-standard-low-salaries-and-pensions-crime-corruption.

# Граѓанско општество

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го продолжи бојкотот и чекаше одговор од претставниците на Владата за исполнување на барањата.

# Цивилен надзор над секторот за безбедност/ разузнавање

ВМРО-ДМПНЕ изнесе наводи за злоупотреби во следењето на комуникациите, наведувајќи дека приватноста на граѓаните е загрозена и кредибилитетот на Оперативно-техничката агенција (ОТА) е доведен во прашање. Според ВМРО-ДПМНЕ, Собранието, Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, на својата 15-та седница, ја разгледа информацијата за работењето на Оперативно-техничката агенција. Комисијата утврди сомневање дека ОТА го прекршила член 2 од Законот за следење на комуникациите со тоа што извршила незаконска набавка што може да се злоупотреби, а набавката е извршена без соодветно одобрение потребно согласно став 2 на овој член. Со поддршка на сите пратеници, без разлика на политичката партија, Комисијата едногласно го потврди ова сомнение и ќе го извести Јавното обвинителство (ОЈО) на Република Северна Македонија. ВМРО-ДПМНЕ го повика ЈО да постапи согласно законот и колку што е можно поскоро да отвори истрага.[33]

Во мај, Агенцијата за национална безбедност лиши од слобода тројца државјани на Република Северна Македонија, кои, во 2014 година, се бореле за Исламска држава (ИСИС) во Сирија.[34]

# Реформа на јавната администрација

Нацрт-стратегијата РЈА за 2023-2030 е подготвена и добиени се коментари од Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД)/Поддршка за подобрување на раководењето и управувањето (СИГМА), но таа допрва треба да биде донесена од Владата.[35]

На средината на април, во Владата на Република Северна Македонија се одржа вториот состанок на работната група за изработка на Стратегијата за транспарентност. Оваа стратегија има цел да ја зајакне транспарентноста во Владата и нејзините придружни институции, а со тоа да ја зголеми довербата на граѓаните и да ја промовира демократизацијата на државата. Новата Стратегија за транспарентност има цел да овозможи подобар пристап до услуги и зајакнување на институционалната одговорност.[36]

---

33 „Петрушевски: ОТА извршила набавка на средства кои се да бидат злоупотребени за незаконско следење на комуникациите на граѓаните, го известивме и ЈО“, официјална интернет-страница на политичката партија Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), 16 јуни 2023, https://bit.ly/3Q6bT8e.

34 „Соопштение за реализирана заедничка акција“, официјална интернет-страница на Агенцијата за национална безбедност, 12 мај 2023, http://anb.gov.mk/vesti.html.

35 Милош Ѓинѓиќ, Сава Митровиќ и Милица Шкориќ, „Монитор на реформите во јавната администрација на западен Балкан 2021/2022“, Центар за европска политика – ЦЕП, Белград, 2023, https://cep.org.rs/wp-content/uploads/2023/06/Regional-PAR-Monitor.pdf.

36 „Почна процесот на подготовка на Стратегијата за транспарентност на Владата со акциски план (2023-2026)“, Метаморфозис, 24 април 2023, https://metamorphosis.org.mk/en/aktivnosti_arhiva/the-process-of-preparing-the-governments-transparency-strategy-with-action-plan-2023-2026-began/.

Министерот за информатичко општество и администрација на 26 април 2023 година одржа прес-конференција за Годишниот извештај на Регистарот на вработени во јавниот сектор за 2022 година. Во јавниот сектор на Република Северна Македонија има 1.354 институции со 129.374 вработени (18.909 лица се вработени во Армијата, Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност, Министерството за внатрешни работи и Бирото за јавна безбедност, како и во органот во рамките на Министерството за финансии – Управата за финансиско разузнавање). Од вкупниот број на вработени, 62.178 се жени, а 48.287 се мажи. Повторно, треба да се вклучат и податоците за привремените вработувања.[37]

На 16 мај 2023 година, министерот за информатичко општество и администрација и министерот за внатрешни работи ја промовираа услугата е-државјанство.[38]

Во рамките на заложбата за континуирана и забрзана дигитална трансформација, министерот за информатичко општество и администрација и претседателот на Република Северна Македонија, на 29 мај 2023 година, промовираа четири нови е-услуги [контрола на списокот со дневници за реализиран пристап до податоците на корисникот, потврда на личните податоци содржани во Централниот регистар на население, издавање потврда за податоците запишани во граѓанскиот регистар за осигурително искуство, остварени плати и надоместоци (потврда за регистрирано работно искуство) и издавање извод од компјутерска евиденција – образец М1/М2 за регистрација/дерегистрација во задолжителното социјално осигурување].[39]

Министерот за информатичко општество и администрација на 14 јуни 2023 година одржа прес-конференција по повод сто дена од преземањето на функцијата. Тој посочи дека се формира дигитална агенција што ќе се сосредоточи на дигиталната инклузија и на јавните услуги, подобрување на економијата, транспарентноста и отчетноста на земјата. Тој посочи дека во тек е изработка на стратегија за информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) и стратегија за кибербезбедност. Беше нагласено дека Националниот портал за услуги на граѓаните ќе нуди и електронски услуги на албански јазик. Друг проект што го посочи е создавање „Една точка за услуги" на 333 локации низ целата земја во соработка со Пошти на Северна Македонија.

37 „Презентиран годишниот извештај за вработените во јавниот сектор за 2022 година", официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 26 април 2023, https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/prezentiran-godishniot-izveshtaj-za-vrabotenite-vo-javniot-sektor-za-2022-godina-4669.nspx.

38 „Алиу и Спасовски ја промовираа услугата: издавање на уверение за државјанство во електронска форма", официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 16 мај 2023, https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/aliu-i-spasovski-ja-promoviraa-uslugata-izdavane-na-uverenie-za-drzavjanstvo-vo-elektronska-forma.nspx.

39 „Алиу и Пендаровски промовираа нови електронски услуги", официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 29 мај 2023, https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/aliu-i-pendarovski-promoviraa-novi-elektronski-uslugi.nspx.

# Поглавје 23



# Функционирање на правосудството

## Стратешки документи

Стратегијата за развој на правосудниот сектор 2023-2027 сè уште не е донесена. Во моментов таа се прегледува и се разгледува од страна на надлежните државни институции.

## Управувачки тела

Во текот на ова тримесечје, постапките на Судскиот совет предизвикаа загриженост и реакции од експертите и меѓународната заедница. Непочитувањето на Законот за Судскиот совет и неговите подзаконски акти, особено Деловникот, стана евидентно на седницата што се одржа на 26 април 2023 година. На оваа седница, која се сосредоточи на дисциплинската постапка против судија кој намерно одложувал судски постапки, се случија непредвидени настани, кои кулминираа со незаконско разрешување на претседателката на Советот.[40] Прекршувањата вклучуваа недонесување на предложениот дневен ред[41] и неоправдани разлики во резултатите од гласањето помеѓу електронското и гласањето со подигање рака.[42] Одлуката за разрешување на претседателката е донесена без да се следат законските одредби со кои се уредува дисциплинската постапка[43] и со несоодветно мнозинство гласови, односно, наместо со осум, одлуката е донесена со седум гласа „ЗА“, од кои еден е и глас на членот кој ја поднел иницијативата за разрешување, спротивно на законот.[44]

Судскиот совет продолжи со своето незаконско и нетранспарентно однесување. Се одржаа три седници, од кои две незаконски спроведени без присуство на јавноста,[45] со употреба на одредбата[46] што дозволува исклучување на јавноста само за да се заштити угледот и интегритетот на судијата,

40 Претседателката на Судскиот совет беше разрешена затоа што одбила на Дневниот ред да стави точка за гласање, но исто и по силните обвиненија дека го скрила писмото што го испратила американската амбасадорка до Судскиот совет на 11 април, во кое се критикувала работата на судовите. „Соопштение од 438. седница на Судскиот совет на РСМ – 26.04.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3IVSi6t.

41 „Извештај за 438. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 26 април 2023 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, https://drive.google.com/file/d/1Vrpta0K7JBPkocvnLh-Cmrypm5-M-6mV/view?fbclid=IwAR2_hEZIifzdgHnpuF99SYyJtQo5-Sno5u8KAVA7KIlYuGTJRUhLgwzYh0M.

42 Исто.

43 Постојните прописи ги регулираат постапката и условите за избор на претседател на Судскиот совет, но не и постапката, условите и основите за разрешување, а во тој поглед постојат само одредби за дисциплинска постапка и одговорност на член на Советот. Во член 36 став 1 од Законот за Судскиот совет се набројуваат надлежностите на Советот, од кои е очигледно дека тој може да одлучува само за дисциплинска одговорност на член на Советот, а не за разрешување од функцијата претседател на Судскиот совет. Оттука, може да се заклучи дека престанок на мандатот на претседателот на Судскиот совет пред неговиот истек е можен само доколку има престанок и на неговиот/нејзиниот мандат како член на Советот. Како последица на ова, престанок на мандатот, во смисла на разрешување, може да постои само како резултат на сторена дисциплинска повреда согласно член 34 од Законот за Судски совет. Сепак, за да има каква било дисциплинска мерка или разрешување на член на Советот, прво треба да се спроведе дисциплинска постапка согласно член 35 од Законот за Судски совет, односно да постои формално образложено барање поткрепено со докази, поднесено од кој било член на Советот или најмалку 20 судии. На таквото барање членот против кого е упатено може да достави одговор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето со доказите, по што во рок од два дена претседателот или заменик-претседателот на Советот ги доставува материјалите до преостанатите членови и закажува седница на која ќе се расправа за барањето.

44 За да може да се донесе одлука за разрешување член на Советот, за тоа мора да гласале најмалку осум членови со право на глас, како и најмалку двајца членови избрани од Собранието. Членот за чија одговорност се одлучува и членот кој е подносител на барањето не учествуваат во гласањето.

45 „Соопштение од 440. итна затворена седница на Судскиот совет на РСМ – 05/04/2023“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3CtcJEh; „Соопштение од 441. итна затворена седница на Судскиот совет на РСМ – 05/04/2023“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://avbc.me/bsY1oKhG.

46 Член 39 став 2 од Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 102/2019.

што не беше применливо во овој случај.[47] 439. (јавна) седница, која требаше да се одржи на 27 април 2023 година, а потоа на втори мај 2023 година, беше одложена од Советот поради недоволно присутни членови (не беа присутни сите 13 членови со право на глас).[48] На крајот, седницата се одржа на четврти мај 2023 година, и покрај тоа што еден член беше отсутен,[49] а седницата беше најавена само 15 минути пред почетокот, што остави сомнеж во однос на транспарентноста.[50] Во текот на оваа седница, исто така, беше обелоденето дека претходната одлука за разрешување на поранешниот претседател е повлечена,[51] овој пат со потребното мнозинство гласови, иницирајќи прашања за законитоста и процедуралната основа за повлекување на одлуката и понатамошното одлучување.[52] Поточно, се иницираа прашања за тоа како била повлечена одлуката што формално и не беше донесена, бидејќи таа не постоеше во писмена форма, ниту, пак, беше јавно објавена во Службен весник на Република Северна Македонија и дали таа во меѓувреме предизвикала некакво правно дејство.[53] Дополнително, Законот за Судскиот совет не предвидува постапка и можност за повлекување на одлуките, освен укинување на одлуките по претходно поднесена и уважена жалба. Оттука, во отсуство на каква било транспарентност во постапувањето на Советот, се отворија и прашања за тоа во каква постапка била повлечена одлуката за разрешување, врз основа на кои причини и законски одредби било направено тоа, како и во каква постапка и врз која законска основа е донесена новата одлука за разрешување на претседателот на Судскиот совет.[54] Конечно, на првата седница по изборот на новиот претседател, Судскиот совет по првпат во работата на Советот одлучи да ги отстрани камерите на новинарските тимови од просторијата каде што се одржуваше седницата.[55] Среде овие случувања, поранешната претседателка поднесе кривична пријава и тужба за оспорување на одлуката за разрешување,[56] додека од друга страна беше почната анализа на можен судир на интерес во нејзиниот мандат.[57]

Постапките на Судскиот совет наведени погоре беа предмет на анализа и предизвикаа загриженост во однос на нивната законитост и транспарентност. Исто така, тие предизвикаа значителни реакции од државните функционери, стручната јавност, меѓународната заедница и пошироката јавност,

47 Беше наведено дека пред одржувањето на 439. седница, Советот одржа уште две седници зад затворени врати со образложение дека се разговарало за чувствителна тема, односно меѓучовечките односи во Советот, што, според Законот за Судскиот совет, не е основа за исклучување на јавноста. Покрај ова, од ваквиот начин на работа на Советот можат да се забележат спротивни постапки на Советот во иста ситуација. Така, на седницата одржана на 26 април 2023 година, оваа иста точка се дискутираше јавно, а граѓаните можеа да ја следат расправата и донесувањето одлуки, додека на денешната седница, иако се расправаше за истата точка, јавноста не беше пуштена да присуствува. „Посебен извештај за седницата на Судскиот совет на РСМ одржана на 04.05.2023“, Коалиција „Сите за фер судење“, https://drive.google.com/file/d/1PbXN6QrSYuTbew4gEH4tilrgKxNmj8g3/view?fbclid=IwAR01qdQ58j89JsVE-mLBqira5F5qjrHnUMrTcGx1MyaVJO6jWg78plyy3jc.

48 „Судскиот совет повторно ја одложи седницата за избор на нов претседател“, 360 степени, 2 мај 2023, https://360stepeni.mk/sudskiot-sovet-povtorno-ja-odlozhi-sednitsata-za-izbor-na-nov-pretsedatel/.

49 „Соопштение од продолжение на 439. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 04.05.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://avbc.me/7VN1Oy0W.

50 „Судскиот совет продолжува со незаконито и нетранспарентното однесување – Реакција по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на 4 мај 2023 година“, официјална интернет-страница на Блупринт групата за судски реформи, 5 мај 2023, https://avbc.me/ziuFUYK5.

51 „Соопштение од 440. итна ненајавена седница на Судскиот совет на РСМ – 04.05.2023“.

52 Исто.

53 „Посебен извештај за Седницата на Судскиот совет на РСМ одржана на 04.05.2023“.

54 „Реакција: Судскиот совет има обврска да биде транспарентен кон јавноста“, Службен весник на ЗНМ, 9 мај 2023, https://avbc.me/Oven1YqH.

55 Исто.

56 „Експретседателката на Судскиот совет, Весна Дамева, поднесе кривична пријава до Скопско обвинителство и тужба до Управниот суд за нејзино разрешување“, Сакам да кажам, 19 мај 2023, https://avbc.me/H13YY6sg.

57 Деновиве се појави информација дека поранешната претседателка на Советот учествувала во постапка во која се оценуваат или се одлучува за судии, претседатели на судови, иако воделе предмети во кои лице инволвирано како тужен или тужител бил нејзиниот сопруг, претседател на управен одбор и генерален директор на ’Скопски пазар‘. ’Циркус‘ во Судскиот совет“, Телма ТВ, 5 јуни 2023, https://sitel.com.mk/cirkus-vo-sudskiot-sovet?fbclid=IwAR3mMPqJcKdw95Wgo_v6ZejkxDRSmqdqSyMQi_0fuyNxzLRGe-1HxEY1TUY.

што доведе до сомнежи за легитимитетот на институцијата.[58] Поради тоа, беа запрени проектите и финансиските средства наменети за Судскиот совет и членовите на Советот беа повикани да дадат оставки.[59] Во моментов, двајца членови, еден од скопското апелациско подрачје и еден од судиите на Врховниот суд, поднесоа оставки[60] и беше распишан јавен оглас за нивна замена.[61] Сепак, немаше кандидати иако беше објавен јавен повик за номинација на кандидат и негов заменик во Комисијата за селекција, од организации за заштита на човековите права и владеењето на правото и фондации.[62] Единствениот остварлив начин за решавање на ситуацијата што произлегува од незаконското работење на Советот е преостанатите членови да дадат оставка.[63] Дополнително, министерот за правда предложи консултации со Владата и политичките партии за да се прекине мандатот на актуелниот состав на Советот со законски преодни одредби.[64] Важно е да се напомене дека оваа иницијатива, која вклучува интервенции од страна на извршната и на законодавната власт, ризикува да ја поткопа независноста на судството и да воспостави опасен преседан што може да се злоупотреби во иднина.

Во текот на ова тримесечје, се појави загриженост и во врска со незапознаеноста на Советот на јавни обвинители со работата и постапувањето по предметите од страна на двајца обвинители кои по четири години се вратија од Специјалното јавно обвинителство (СЈО) во матичното обвинителство. Оваа загриженост беше изразена по допис од јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово.[65] Оваа состојба е вознемирувачка затоа што член 9 од Законот за Советот на јавни обвинители[66] таксативно ги предвидува надлежностите на Советот, вклучувајќи ја и обврската за разгледување и оценување на годишните извештаи од јавните обвинителства, што подразбира дека Советот требало да ги разгледа и да ги оцени извештаите од канцелариите каде што се распределени овие обвинители. Понатаму, еден од обвинителите за кој станува збор е одговорен и за канцеларијата за врски со Европравда, која бара подготовка на посебни извештаи за нивната работа во однос на таа функција.[67] Овие извештаи нотираат и дека јавниот обвинител користи посебни канцеларии, надвор од зградата на матичното јавно обвинителство. Во оваа насока, јавниот обвинител на Република Северна Македонија има донесено и посебни одлуки со кои на споменатите обвинители им се даваат задолженија и обврски што се однесуваат на грижа за материјалите, инвентарот и просториите што ги користеше поранешното СЈО.[68]

58 „Судскиот совет продолжува со незаконитото и нетранспарентното постапување – Реакција по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на 4 мај 2023 година".

59 „Барање за поднесување на оставка на членовите на Судскиот совет", Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата, 10 мај 2023, https://avbc.me/FmzGb9Kk.

60 „Врховната судијка Радевска-Стефкова и апелациониот судија Герасимовски поднесоа оставки во Судскиот совет", ***Сакам да кажам***, 6 јуни 2023, https://avbc.me/h66JvIQ9.

61 „Оглас за избор на членови на Судскиот совет од редот на судиите, и тоа: Еден член од редот на судиите од Апелационо подрачје Скопје и еден член од редот на судиите од Врховен суд на РСМ", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 120/2023.

62 „Јавен повик до здруженијата и фондациите од областа на човековите права и владеењето на правото", Судски совет на Република Северна Македонија, 13 јуни 2023, https://avbc.me/m1KCwTqG.

63 Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата и Блупринт група за судски реформи, „Номинација на членови во Комисијата за спроведување на избори за членови на Судскиот совет", 23 јуни 2023, https://avbc.me/Cf5GKbzZ.

64 „Министерот за правда Лога со предлог за распуштање на Судскиот совет", ***Радио Слободна Европа***, 19 јуни 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32465824.html.

65 „Извештај од 78. Седница на Советот на јавни обвинители на РСМ одржана на 27.04. 2023", Коалиција „Сите за правично судење", https://drive.google.com/file/d/1qIOHQu2NZR0MkwoFz1o1iq8fG537RNFP/view?fbclid=IwAR195t3PmzVIkX6vRSZCzAU6r1D-wde4kSYLEthrnETYlj2B8dVm-lW_8qRc.

66 „Закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

67 „Извештај од 78. седница на Советот на јавни обвинители на РСМ одржана на 27.04. 2023".

68 Исто.

Во текот на истата седница, Советот на јавни обвинители го избра членот од редот на јавни обвинители кои ги претставуваат малцинските заедници во земјата.[69]

## Независност и непристрасност

И покрај повеќегодишните критики и апели за измени на одредени одредби од Етичкиот кодекс за јавни обвинители,[70] кои ја ограничуваат нивната способност да коментираат предмети и јавно да дискутираат за работата на Советот на јавни обвинители и на Републичкиот јавен обвинител[71] кои се спротивни на начелата за транспарентно и отчетно постапување опфатени со Законот за јавно обвинителство,[72] овие одредби продолжуваат да се применуваат.[73] Имено, кога јавна обвинителка ја критикуваше работата и донесувањето одлуки на Советот за време на една конференција,[74] Советот го упати прашањето до Советот за етика на јавните обвинители за да утврди дали обвинителката треба да одговара за овие забелешки.[75]

Во текот на ова тримесечје, Судско-медиумскиот совет го донесе Планот за работа на Советот за 2023-2025 година за унапредување на транспарентноста и соработката меѓу новинарите и судиите.[76] Како дел од овој план, Советот назначи членови кои ќе се состанат со Судскиот буџетски совет за да обезбедат средства за ангажирање персонал за односи со јавност во апелациските судови и судовите со проширена надлежност.[77] Покрај тоа, Судско-медиумскиот совет одржа состанок со новиот претседател на Судскиот совет за да се спречи повторно отстранување на камерите за време на седниците на советот.[78] За таа цел, како и за поголема транспарентност на Советот, од страна на Советот беше ангажиран новинар со долгогодишно работно искуство во областа на правосудството.[79]

## Одговорност

Откако се соочи со дисциплински обвиненија и предлог за разрешување,[80] поранешната шефица на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) тврдеше дека била предмет на притисок и закани за да даде оставка.[81] Таа изјави дека овие

69 „Соопштение", официјална интернет-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 27 април 2023, https://avbc.me/220cnWY2.; „Соопштение за избор", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://avbc.me/DxAOpPov.

70 Ива Цоневска Вангелова и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот помеѓу април 2020 и септември 2021 година", Скопје, 2021, https://bit.ly/3DQ0hOx.

71 „Етички кодекс на јавните обвинители во Република Северна Македонија", Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, 5 мај 2021, https://avbc.me/oc3X6LFu.

72 „Закон за јавно обвинителство", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

73 „Извештај од 78. седница на Советот на јавни обвинители на РСМ одржана на 27.04.2023".

74 „Ленче Ристоска: Советот на јавни обвинители е извор на тргување со влијание и треба да се реформира", Телма ТВ, 25 април 2023, https://telma.com.mk/2023/04/25/lenche-ristoska-sovetot-na-javni-obviniteli-e-izvor-na-trguvanje-na-vlijanie-i-treba-da-se-reformira/.

75 „Советот на јавни обвинители ѝ се налути на Ленче Ристовска за изјавата дека тргуваат со влијание", Сакам да кажам, 27 април 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/sovetot-na-javni-obviniteli-se-naluti-na-lenche-ristoska-za-izjavata-deka-trguvaat-so-vlijanie/.

76 „Соопштение", официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 28 април 2023, https://www.facebook.com/SMSovet/posts/pfbid0bMBkxevhhx8z1fhFzQmmabKYV2pjBR9k-tec8fbEwqRdPXi2ePTgnyFV7DLnBLXVl.

77 Исто.

78 „Камери во Судскиот совет како досега, така и отсега натаму, ќе има", официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судии на Република Северна Македонија, 19 мај 2023, https://www.facebook.com/SMSovet/posts/pfbid031EpGHec59Gs2bRg6jo8pDR153g4w4HePbYLZsSJ7iAtDhyc47a3apkp1WYRrt966l.

79 „Соопштение", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 19 мај 2023, https://avbc.me/rsUvYKRB.

80 „Соопштение", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 30 март 2023, https://jorm.gov.mk/sooopshtenie/.

81 Вилма Русковска, „Топ тема", Телма ТВ, 3 април 2023, https://www.youtube.com/watch?v=9elwuTJvUXI&t=488s.

притисоци почнале откако почнала истрага против тогашниот генерален секретар на Владата за набавка на софтвер за сообраќајни прекршоци.[82] Наводно, ѝ била понудена функцијата заменик на државниот јавен обвинител во замена за нејзината оставка. За разлика од неа, на внукот на нејзината сестра, обвинител во Основното јавно обвинителство во Куманово, му било ветено работно место во Вишото јавно обвинителство во Скопје.[83] Таа нагласи дека дисциплинската постапка против неа и предлогот за нејзино разрешување се со намера да се „фати на пенал“.[84]

Во писмо до медиумите, австрискиот амбасадор упати критики до македонското судство и обвинителство дека не успеало да обезбеди враќање на долг од 4,5 милиони евра од македонска компанија кон австриска компанија.[85] Австриската компанија добила одлука во нејзина полза во меѓународната арбитражна постапка, но таа сè уште не е спроведена во македонските судови.[86] Во писмото се споменува злоупотреба на службената положба од страна на нотарите, катастрите, извршителите и судските службеници, кои наводно ја фаворизираат компанијата-должник.[87] За извршниот директор на компанијата-должник се вели дека е поврзан со поранешниот премиер и лидер на СДСМ.[88] Како одговор на тоа, поранешниот премиер се дистанцираше од обвинувањата и предупреди на тужба за клевета ако повторно се спомене во сличен контекст.[89] По наводите изнесени во писмото се произнесоа и Судскиот совет и надлежното Основното јавно обвинителство. Во однос на првото, потребен е увид од страна на координаторите на Основниот суд Гевгелија и Апелациониот суд Скопје, со цел да се разгледаат списите на предметот, преземените дејства од страна на судовите и донесените одлуки, по што ќе се изготви записник со конкретни мерки преземени за понатамошно постапување со предметот, секако внимавајќи да не се влијае на наодите на судот.[90] Во однос на второто, беше потврдено дека до Основното јавно обвинителство Гевгелија се поднесени три кривични пријави за различни дела и странки во спорот, при што Основното јавно обвинителство Гевгелија даде уверување дека предложените кривични пријави ќе бидат навремено разгледани.[91]

## Професионалност и надлежност

Во извештајниот период, Советот на јавни обвинители избра 21 јавен обвинител за основните јавни обвинителства во Штип, Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Куманово, Охрид, Прилеп, Свети Николе, Струга и Тетово[92] од седмата генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО), како и претседател на Основен суд Струмица.[93]

82 Исто.

83 Поранешната шефица на ОЈОГОКК смета дека случајот со поранешниот генерален секретар на Владата е причина и за изречената дисциплинска казна – намалување на месечната плата за 30% од исплатената нето-плата за период од шест месеци на обвинителот кој ја водел истрагата и го застапува обвинителството во судницата.

84 Друг интересен момент што Русковска го спомена во гостувањето во „Топ тема“ беше за периодот кога беше суспендирана и кога тврдеше дека нејзините канцелариски фиоки биле испразнети. Потоа, вели таа, „исчезнаа доказите за предмет поврзан со злоупотреба на европските фондови“, Русковска, „Топ тема“.

85 „Австрискиот амбасадор бара смени на судии и обвинители кои беа пристрасни во случајот со братучетка на Зоран Заев“, Телма ТВ, 27 јуни 2023, https://telma.com.mk/2023/06/27/avstriskiot-ambasador-bara-smeni-na-sudii-obviniteli-koi-bile-pristrasni-vo-sluchaj-so-bratuchetka-na-zoran-zaev/?fbclid=IwAR2e3tj8_Pd-aIjovnwe0wbnvkfBUmTCjU5Pd30YzXXu_eCMMGnq_c-ZaxU.

86 Исто.

87 Исто.

88 Исто.

89 „Заев го предупреди австрискиот амбасадор со тужба за клевета, и побара од судиите целосно, независно и без притисок да работат во случајот“, Инфомакс, 27 јуни 2023, https://avbc.me/LORLwuKM.

90 Ова е така затоа што според Законот за судовите, испитувањето и контролата на одлуките на пониските судови ги врши повисокиот суд. „Соопштение на Судскиот совет околу наводите на австрискиот амбасадор“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 28 јуни 2023, https://avbc.me/N6i3An8C.

91 „Фактор на денот: Австриската компанија поднела три кривични пријави, обвинителството потврди“, Фактор, 28 јуни 2023, https://faktor.mk/faktor-na-denot-avstriskata-kompanija-podnela-tri-krivichni-prijavi-obvinitelstvoto-potvrdi.

92 „Соопштение од осумдесеттата седница на Советот на јавните обвинители“, официјална интернет-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, https://avbc.me/g9gM28wi.

93 Придонес кон кварталниот извештај на Коалицијата „Сите за правично судење“, 13 јули 2023.

Поради тоа што немаше соодветно акредитирана институција за спроведување тестови за интегритет и психолошки тестови за судиите се одложи процесот на избор. По добиеното задоцнето мислење од Министерството за правда, Судскиот совет склучи нов анекс договор за една година со компанијата „Виста груп“ и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, кои досега ги спроведуваа тестовите.[94] Сепак, овој проблем[95] доведе до блокада на изборот на осум судии за Апелациониот суд во Скопје, преостанатите двајца судии за Врховниот суд и 30 кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители.[96]

## Квалитет на правда

По доцнења и ревизии, на 14 јуни 2023 година конечно беше донесен новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители.[97] Законот има цел да ја изедначи судската практика преку зголемување на бројот на обуки за судиите во Академијата и воведување на нови критериуми за членовите во органите на управување.[98] Исто така, новиот текст ги содржи препораките од инструментот за техничка помош и размена на информации од 2018 година на Мисијата за процена на Европската комисија (TAIEX), со кои се обезбедува Академијата да биде единствена влезна точка за кандидатите за судии и обвинители. Со Законот се менува приемниот испит, се намалува времето за обработка на жалбите и се менува форматот на завршниот испит. Ќе се зајакнат програмите за континуирана обука за да се инкорпорираат иновациите во законодавната и судската практика на домашно и на меѓународно ниво.[99] Квалификацискиот тест за деветтата генерација слушатели беше одложен за да се усогласи со спроведувањето на новиот закон.[100]

## Ефикасност

На состанокот со новоизбраниот претседател на Судскиот совет, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Македонија (УПОЗ) побараат итно решавање на прашањето за додатоците на плата и зголемување на платите за вработените во судската служба.[101] Исто така, тие изразија незадоволство поради тоа што нема унапредувања во

94 „Соопштение од 445. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 15 јуни 2023, https://avbc.me/Z9n9luMk.

95 По истекот на последниот анекс на договорот на 16 декември 2022 година, поранешниот претседател на Судскиот совет побара мислење од Владата за продолжување на соработката, на што Институтот за акредитација рече дека горенаведената компанија и институт не се акредитирани и во земјата нема институција со потребната акредитација. Во продолжение, Министерството за правда му одговори на Советот дека проблемот е решен и дека психолошкиот тест и тестот за интегритет треба да се полагаат во Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). Но, ставот на АСЈО беше дека нивните тестови се само за кандидати за судии и јавни обвинители и дека тие не можат да ги дадат тестовите на други институции (т.е. не се акредитирани). „Психолошките тестови – кочница за избор на нови судии“, Призма/БИРН Македонија, 7 јуни 2023, https://prizma.mk/psiholoshkite-testovi-kochnitsa-za-izbor-na-novi-sudii/?fbclid=IwAR17HMxWY8jMj3kADNMaVL9AiHolSUZrBopXUdEZcSDQDP0RjYMEQYgcLKQ.

96 „Блокиран изборот на судии – нема акредитирана институција за тестирање на нивниот интегритет и психолошка состојба“, Телма ТВ, 6 јуни 2023, https://telma.com.mk/2023/06/06/blokiran-izborot-na-sudii-nema-akreditirana-institucija-za-testiranje-na-nivniot-integritet-i-psiholoshka-sostojba/.

97 „Закон за Академијата за судии и јавни обвинители“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/2023.

98 Исто.

99 Исто.

100 „Известување за понатамошниот тек од приемниот испит за прием во IX генерација почетна обука“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 23 мај 2023, https://avbc.me/aQJdA2OJ.

101 „Сè поизвесен е штрајкот во Судовите доколку не се реши проблемот со додатоците на плата и висината на платите на вработените во Судската служба“, официјална интернет-страница на Синдикатот на работниците од администрацијата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија (блог), 6 јуни 2023, https://www.upoz.org.mk/mk/novosti/353-se-poizvesen-e-strajkot-vo-sudovite-dokolku-ne-se-resi-problemot-so-dodatocite-na-plata-visinata-na-plat-na-vrabotenite-vo-sudskata-sluzba.

судовите поради неспроведувањето на прописите од страна на Министерството за правда.[102] Ако не се најде решение, претставниците на Синдикатот на УПОЗ се заканија дека ќе штрајкуваат, што ќе го наруши работењето на судовите.[103]

Во однос на предметите од висок профил, предметот „Титаник 2" застаре на седми април 2023 година, во кој првообвинет беше поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање.[104] Судењето за преостанатите обвинети, закажано за 13 април 2023 година, е одложено поради нивно отсуство.[105] Во случајот „Софтвери", каде што првообвинет е поранешниот генерален секретар на Владата, на 12 мај 2023 година беа презентирани материјалните докази на крајот на доказната постапка.[106] Јавниот обвинител од ОЈОГОКК ги презентираше своите завршни зборови истиот ден,[107] по што следуваше обраќањето од странките на 25 мај[108] и 15 јуни 2023 година.[109] Пресудата треба да биде објавена на шести јули 2023 година.[110]

Амбасадата на САД испрати писмо[111] со остри критики до извршната и до судската власт во врска со предметите од висок профил, чии пресуди беа поништени и вратени за повторно судење од страна на Апелациониот суд Скопје на 11 април 2023 година.[112] Ова доведе до дискусии за ефикасноста на Апелациониот суд[113] и доведе до разрешување на претседателот на Судскиот совет споменат погоре.[114]

102 Исто.

103 Исто.

104 „Од денеска делото на Мијалков во ’Титаник 2‘ е застарено“, 360 степени, 7 април 2023, https://360stepeni.mk/od-deneska-deloto-na-mijalkov-vo-titanik-2-e-zastareno/.

105 Ивана Петковска, „Мониторинг бриф: Актуелни високопрофилирани судски постапки“, Коалиција „Сите за правично судење“, април 2023, https://drive.google.com/file/d/1YhFxzECW5quYqzFgC0yof771zE5N D/view?fbclid=IwAR1O7Kj4Q4oKFEEE6Ufk5l17HjNtJejcQ181S6nIBcZJGTPz9fp9spepH4.

106 Ивана Петковска, „Мониторинг бриф: Актуелни високопрофилирани судски постапки“, Коалиција „Сите за правично судење“, мај 2023, https://drive.google.com/file/d/17EgZQo5tQVGpmjbKwyTL0pfkExsYW-bD/view?fbclid=IwAR3gZsDjWebOPopjef3rL_h7dovxH2eVbr9b7btMH8iGRpQGRuZnwSJ2CeF8.

107 Јавниот обвинител, претставувајќи ги завршните зборови, нагласи дека доказите презентирани од обвинителството за време на главната расправа, како и оние предложени од самите обвинети, ги докажаа дејствата што им се товарат на обвинетите. Имајќи го предвид сето она што беше искажано во завршните зборови, обвинителството му предложи на судот обвинетите да бидат осудени на казни соодветни на сторените кривични дела. Истовремено, јавниот обвинител предложи двајцата универзитетски професори да бидат осудени на казна – забрана за вршење на професорската должност. „Обвинителството даде завршни зборови во предметот ’Софтвери‘“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 13 мај 2023, https://jorm.gov.mk/obvinitelstvoto-dade-zavrshni-zborovi-vo-predmetot-softveri/.

108 „Завршни зборови за случајот ’Софтвери‘, судењето продолжува на 12 јуни“, Либертас, 25 мај 2023, https://libertas.mk/zavrshni-zborovi-za-slucha-ot-softveri-sude-eto-prodolzhuva-na-12-uni/.

109 „На 6 идниот месец пресуда за ’Софтвери‘“, Фокус, 15 јуни 2023, https://fokus.mk/na-6-ti-idniot-mesets-presuda-za-softveri/.

110 Исто.

111 „Американскиот амбасадор ги прекори правосудните институции“, Алсат М, 25 април 2023, https://alsat.mk/mk/amerikanskiot-ambasador-gi-prekori-pravosudnite-institutsii/.

112 Ангела Делевска и др., „Квартален извештај: Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ – јануари-март 2023 година“, Институт за европска политика – Скопје, 27 април 2023, https://epi.org.mk/post/24424.

113 „Соопштение за јавност“, официјална интернет-страница на Апелациониот суд Скопје, Судски портал на Република Северна Македонија, 25 април 2023, https://avbc.me/nQvI9McI.

114 „(Видео) Писмото на Агелер доведе до судир во Судскиот совет: се бара разрешување на Дамева, таа тврди дека ова не е точната причина“, Макфакс, 26 април 2023, https://avbc.me/QQP5KIRQ.

# Борба против корупцијата

Според последниот извештај „Нации во транзиција“ на „Фридом хаус“, Република Северна Македонија постигна одреден напредок, но останува политичката дисфункционалност. Земјата доби севкупна оценка 48 од 100, додека на скалата на напредок, најмал напредок има во категоријата корупција, со оценка 3,25. Така, борбата против корупцијата останува област во која е потребно сериозно дејствување.[115]

## Државна комисија за спречување на корупцијата

Во текот на тримесечјето, во Република Северна Македонија се случија неколку настани поврзани со корупцијата и борбата против корупцијата. Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ја организираше Годишната конференција за оценка на спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за 2022 година.[116] На конференцијата се утврди потреба за поголем напредок во спроведувањето на мерките за борба против корупцијата, бидејќи се спроведуваат само 10% од планираните активности.[117]

Во мај беа иницирани работилници за разгледување и предложување измени и дополнувања на Националната стратегија.[118]

Беше одложено спроведувањето софтвер во ДКСК за проверка на анкетните листови за имотната состојба на избраните функционери и имаше проблеми со интероперабилноста, што отвора можност избраните функционери да не го пријават својот имот или, едноставно, да не пријават сѐ што имаат.[119]

ДКСК, со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ја претстави Проценката на ризикот од корупција во судството во Република Северна Македонија, нагласувајќи ги секојдневните ризици од корупција согледани од судиите и јавните обвинители.[120]

Градоначалникот на Струга беше ставен на црниот список на САД за наводна вмешаност во голема корупција[121] и ДКСК спроведе неколку истраги за корупција против него.[122] ДКСК се соочи со предизвици во постапувањето по предметите за корупција, обвинувајќи ги другите институции за неактивност.[123] Вицепремиерот изрази сомнеж за ефикасноста на ДКСК,[124] што предизвика

115 „Извештај на ’Фридом хаус‘: За Македонија, најниска оценка за корупција“, 24 вести, 24 мај 2023, https://24.mk/details/izveshtaj-na-fridom-khaus-za-makedonija-najniska-ocenka-za-korupcija.

116 „Годишна конференција за оценка на остварувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 6 април 2023, bit.ly/3OYs6f4.

117 „Очајни 10 отсто од активностите за борба против корупцијата беа спроведени лани“, Радио МОФ, 5 април 2023, https://www.radiomof.mk/ochajni-10-otsto-od-aktivnostite-za-borba-protiv-korupcijata-bile-sprovedeni-lani/.

118 „Работилници за изменување и дополнување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 8 мај 2023, bit.ly/3MXuX5k.

119 „Со софтверот на ДКСК во експериментална фаза и без закон, имотот на функционерите останува непроверен“, Meta.mk, 8 мај 2023, https://meta.mk/so-softverot-na-dksk-vo-eksperimentalna-faza-i-bez-zakon-imot-na-funkcionerite-ostanuva-neproveren/?fs=e&s=cl.

120 „Публикација на Проценка на ризиците од корупција во правосудството во Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 16 јуни 2023, https://bit.ly/3qPttmt.

121 „Мерка за Мерко – непожелен во САД, прв на проширената ’црна листа‘“, Slobodnaevropa.mk, 21 јуни 2023, https://bit.ly/3JIaXD7.

122 Исто.

123 „Исчезнатата е претставката за претседателот на струшкиот суд, предмет за ’аудито‘ во обвинителство има ама не е активен“, mkd.mk, 23 јуни 2023, https://mkd.mk/node/518881.

124 „Груби: Антикорупциска нема ниту еден успех“, Фокус, 27 јуни 2023, https://fokus.mk/grubi-antikoruptsiska-nema-nitu-eden-uspeh/.

одговор од ДКСК, кои го потсетија на можните обвинувања за корупција против него.[125] Граѓанските организации ја повикаа владата да ги поддржи независните антикорупциски институции и да обезбеди владеење на правото.[126]

## Јавно обвинителство

Во текот на извештајниот период се случија важни настани поврзани со изградбата на Коридорот 8 и 10д.[127] Владата измени пет закони поврзани со овие проекти, со цел изградбата да биде побрза и поевтина.[128] Законите беа обележани со европското знаменце, што предизвика загриженост од Делегацијата на ЕУ, наведувајќи дека измените на законите можеби не се во согласност со законодавството и стандардите на ЕУ.[129] И покрај загриженоста, Собранието ги донесе[130] измените.[131]

Како дел од тековните истраги[132] ОЈОГОКК и ДКСК го добија договорот од договорот за изградба на коридорот[133, 134], иако ДКСК посочи дека тој не е целосен и недостигаат делови.[135] Владата објасни дека ДКСК добила редактирана верзија на договорот поради клаузулата за доверливост.[136]

Судењето за случајот „Софтвери“, во кој беше вклучен и поранешниот генерален секретар на Владата, стигна до својата завршна фаза, при што обвинителството побара затворска казна и враќање на парите.[137] Обвинетиот тврдеше дека доказите презентирани од обвинителството се недоволни.[138]

125 „ДКСК до Груби: Немаме капацитет да се возиме во службени возила, но имаме да се избориме со вашите оркестрирани напади“, 360 степени, 28 јуни 2023, https://360stepeni.mk/dksk-do-grubi-nemame-kapatsitet-da-se-vozime-vo-sluzhbeni-vozila-no-imame-da-se-izborime-so-vashite-orkestrirani-napadi/.

126 „Барање за стопирање на притисокот кон независните институции во борбата против корупцијата“, Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата, 29 јуни 2023, https://bit.ly/3Q4gZBM.

127 „Потпишан е договорот за изградба на Коридорот 8 и 10, почнува реализацијата на еден од најголемите инфраструктурни проекти“, 8 март 2023, https://vlada.mk/node/32389.

128 „Груби: Нови пет предлог-закони за коридорите 8 и 10д, од пратениците зависи дали ќе биде побрза и поевтина и побавна и поскапа“, Brif.mk, 5 мај 2023, https://www.brif.mk/grubi-novi-pet-predog-zakoni-za-koridorite-8-i-10d-od-pratenicite-zavisi-dali-izgradbata-ke-bide-pobrza-i-poevtina-ili-pobavna-i-poskapa/.

129 „Од Делегацијата на ЕУ: за ’Слободен печат‘: Не е оправдано европското знаме на предлог-законите за коридорите“, Слободен печат, 5 мај 2023, https://www.slobodenpecat.mk/od-delagacijata-na-eu-za-sloboden-pechat-ne-e-opravdano-evropskoto-zname-na-predlog-zakonite-za-koridorite/.

130 „На денот резервиран за пратенички прашања, парламентарното мнозинство ги донесе петте закони за градбата на автопатите од ’Бехтел и Енка‘“, Сакам да кажам, 26 мај 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/na-denot-rezerviran-za-pratenichki-prasha-na-parlamentarnoto-mnozinstvo-gi-donese-pette-zakoni-za-gradbata-na-avtopatite-od-behtel-i-enka/.

131 Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи; Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација; Закон за изменување и дополнување на Законот за градење; Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање и Закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавниот интерес и за именување на стратешки партнер за реализација на Проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (дел: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10г (дел од автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 111/2023.

132 „Обвинителството отвори предмет за надзорот врз коридорите 8 и 10д“, Нова ТВ, 28 март 2023, https://novatv.mk/obvinitelst-voto-otvori-predemet-za-nadzorot-vrz-koridorite-8-i-10-d/; „Антикорупциска отвора предмет за изградба на коридорите 8 и 10“, Република, 9 март 2023, https://republika.mk/vesti/makedonija/antikoruptsiska-otvara-predmet-za-izgradbata-na-koridorite-8-i-10/.

133 „Договорот со ’Бехтел и Енка‘ доставен до Јавното обвинителство“, Слободен печат, 5 мај 2023, https://www.slobodenpecat.mk/dogovorot-so-behtel-i-enka-dostaven-do-javnoto-obvinitelstvo/?fbclid=PAAaaWtwnGbV1rT2xKFY8UM53jHa98qhj3I7ZR5mHeIX-LLNLm9AXEOydskf5Y.

134 „Договорот со ’Бехтел и Енка‘ на биро кај Антикорупционерите“, Телма ТВ, 19 мај 2023, https://telma.com.mk/2023/05/19/dogovorot-so-behtel-i-enka-na-biro-kaj-antikorupcionerite/.

135 „Антикорупциска комисија: Недостасуваат делови од договорот со ’Бехтел и Енка‘“, Телма ТВ, 25 мај 2023, https://telma.com.mk/2023/05/25/antikorupciska-nedostasuvaat-delovi-od-dogovorot-so-behtel-i-enka/.

136 „Груби – Антикорупциска доби редактирана верзија од договорот со ’Бехтел и Енка‘“, Slobodnaevropa.mk, 1 јуни 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32438910.html.

137 „ОЈОГОКК бара затвор за Рашковски, да ги врати парите и забрана да биде универзитетски професор“, mkd.mk, 13 мај 2023, https://mkd.mk/node/515800.

138 „Рашковски со анатомска анализа на обвинителниот акт“, 360 степени, 12 јуни 2023, https://360stepeni.mk/rashkovs-ki-so-anatomska-analiza-na-obvinitelniot-akt-pobara-osloboditelna-presuda-vo-sluchajot-softveri/.

Во случајот „ТНТ“, поранешниот министер поднесе жалба, тврдејќи дека е невин и побара повторно судење поради пропусти во првостепената пресуда.[139]

ОЈОГОКК ги затвори отворените предмети[140] против поранешниот директор на Управата за финансиска полиција (УФП), бидејќи утврди дека обвинетиот не ги сторил кривичните дела злоупотреба на службената положба, примање поткуп, насилство и вознемирување.[141] Ослободениот поранешен директор ја обвини поранешната шефица на ОЈОГОКК за злоупотреба на функцијата јавен обвинител во овие предмети и најави граѓански тужби против неа за изнесување лажни информации и клевета против него.[142]

На 29 јуни, поранешен градоначалник и уште неколку други беа приведени во истрагата „Феникс“ во однос на набавката на споменици.[143] Меѓу осомничените има и претставници од власта,[144] а судот нареди мерка притвор за некои од нив.[145]

## Правна рамка

Новиот предлог-закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, објавен на ЕНЕР во јули 2022 година,[146] треба да влезе во владина постапка, како што беше одлучено на средба што се одржа меѓу министерот за правда и директорот на Агенцијата за управување со одземен имот. Новиот закон има цел да ја зајакне улогата и да ја зголеми одговорноста на Управниот одбор на Агенцијата, да ги подобри методите за продажба на одземен имот со тоа што ќе обезбеди дополнителни методи на продажба и ќе воведе можност косопственици да купуваат запленети или конфискувани предмети што се во заедничка сопственост.[147]

На 19 април почна расправата во Собранието за нацрт-законот за борба против сериозните форми на организиран криминал и високопрофилна корупција. Со нацрт-законот треба да се формира независна агенција за борба против сериозните форми на криминал, која треба да работи на откривање сериозни форми на криминал, да поднесува кривични пријави, да предложи конфискација на имот стекнат преку нелегални средства, како и да предложи забрана за политички активности.[148]

139 „Јанакиески усно казнет на 3 години, а писмено доби 3,6 години за ТНТ: недостигаат 248 докази, има пропусти, не се знае кој е оштетен“, Макфакс, 8 мај 2023, https://bit.ly/3Cj9zTc.

140 „Каква разврска ќе има битката на Муареми со Русковска и Стафа“, Slobodnaevropa.mk, 29 јули 2022, https://bit.ly/3ryiXQX.

141 „ОЈОГОКК ги затвори предметите за Арафат Муареми отворени во мандатот на претходната шефица Русковска“, 360 степени, 9 јуни 2023, https://360stepeni.mk/ojo-gokk-gi-zatvori-predmetite-za-arafat-muaremi-otvoreni-vo-mandatot-na-prethodnata-shefitsa-ruskovska/?fbclid=IwAR0_HzGmnPFM56dxXRuFJJmJRUckIDUCMO-uhJ7m-mDzHWH0LqjksR6Gi7Y.

142 „Муареми ја тужи Русковска“, Сител ТВ, 10 јуни 2023, https://sitel.com.mk/muaremi-ja-tuzhi-ruskoska.

143 „Тодоровиќ и уште десетина лица приведени на скопскиот аеродром“, Скопје инфо, 30 јуни 2023, https://skopjeinfo.mk/todorovikj-i-ushte-desetina-lica-privedeni-na-skopskiot-aerodrom?fbclid=IwAR3hQ24ukQdkbpXzzmMrU5PCQBY2OfG_6u2LWy7L-_lybBtl0Nw6NxpdVmA.

144 „’Феникс‘: Споменици од ’Скопје 2014‘ биле плаќани драстично поскапо од цените за кои биле направени во Италија“, 360 степени, 30 јуни 2023, https://360stepeni.mk/video-feniks-spomenitsi-od-skopje-2014-bile-plakani-drastichno-poskapo-od-tsenite-za-koi-bile-izleani-vo-italija/.

145 „Притвор за Владимир и Александар Здравев, осомничени за перење пари од спомениците од ’Скопје 2014‘, поранешниот градоначалник Тодоровиќ доби куќен притвор“, Сакам да кажам, 30 јуни 2023, https://bit.ly/3OhYCIl.

146 Министерство за правда, „Предлог-закон за конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка“, ЕНЕР, 15 јули 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=74776.

147 „Предлог-законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка наскоро во владина процедура“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 4 април 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6517.

148 „Собранието денеска треба да почне со расправа за формирање на Агенција за борба против висока корупција“, Телма ТВ, 19 април 2023, https://telma.com.mk/2023/04/19/sobranieto-deneska-treba-da-pochne-so-rasprava-za-formiranje-na-agencija-za-borba-protiv-visoka-korupcija/.

# Темелни права

## Судска практика на Европскиот суд за човекови права

Во случајот Димчевска против Република Северна Македонија, барателката се пожалила според член 6 дека не успеала да добие повторен судски процес откако била осудена во нејзино отсуство и поднела жалба повикувајќи се на истиот член, а во врска со праведноста на постапката. Европскиот суд за човекови права утврди дека не ѝ е дадена доволна сигурна можност да добие нова одлука од судот за основаноста на обвиненијата против неа и целосно право на одбрана, поради што има повреда на член 6 став 1 од ЕКЧП.[149]

Во случајот на Китановска и Барбуловски против Република Северна Македонија, барателите се пожалија според член 6 дека нивните приговори против платните налози издадени од нотар, биле одбиени без да биде разгледана основаноста и биле лишени од соодветен правен лек. ЕСЧП ја прогласи жалбата по член 6 став 1 од Конвенцијата, во однос на пристапот до суд во врска со еден од барателите, оправдана и утврди повреда според таа одредба, а остатокот од жалбите ги утврди за неоправдани.[150]

## Народен правобранител

Во Годишниот извештај на Националниот превентивен механизам за 2022[151] година, Народниот правобранител ги истакна итните проблеми присутни во психијатриските болници и во казнено-поправните установи и изрази загриженост за лошата хигиена и присуството на опрема за мачење во психијатриските болници во Скопје и Демир Хисар.[152] Беше истакнато дека нема доволно вработени. Во затворот Идризово се пронајдени нехумани услови, пренатрупаност и недостиг на затворски персонал, вклучително и медицинскиот персонал. Постојат примери за затвореници кои делат кревет и спијат на земја, со ограничен пристап до соодветни санитарни капацитети.[153]

## Затворски и притворски установи

Владата ги одобри измените на Законот за основно образование, кои имаат цел да воспостават редовен воспитно-образовен процес за малолетните лица во воспитно-поправните и казнено-поправните установи. Овие измени се вршат согласно препораките и забелешките дадени од страна на народниот правобранител[154] и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД).[155] Новите измени прецизираат дека образовниот процес за малолетниците во овие

149 ЕСЧП, „Случај Димчевска против Северна Македонија", Апликација бр. 13919/18, 4 април 2023, https://bit.ly/43HqGK6.

150 ЕСЧП, „Предмет Китановска и Барбуловски против Северна Македонија", Апликации бр. 53030/19 и 31378/20, 9 мај 2023, https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-224560%22]}.

151 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај на националниот превентивен механизам за 2022 година (2022)", 26 јуни 2023, https://bit.ly/3K2ldWN.

152 „Во психијатриска болница во Демир Хисар Народниот правобранител нашол каиши за врзување, синџири со катанци и дебел кабел", Сакам да кажам, 26 јуни 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vo-psihijatriskata-bolnitsa-demir-hisar-narodni-ot-pravobranitel-nashol-kaishi-za-vrzuvane-sindhiri-so-katantsi-i-debel-kabel/.

153 „Лоши услови и нечовечки третман во психијатриските болници и затворите констатира омбудсманот", Slobodnaevropa.mk, 26 јуни 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32476533.html.

154 „За истата мерка, момчињата во казнено-поправниот дом, девојчињата во затвор", 24 Вести, 2 април 2022, https://24.mk/details/za-ista-merka-momchinjata-vo-vospitno-popraven-dom-devojchinjata-vo-zatvor.

155 „КСЗД со општа препорака кон МОН и Управата за извршување санкции за обезбедување задолжително образование во воспитно-поправните установи и казнено-поправните домови", службена интернет-страница на КСЗД, 29 март 2023, https://bit.ly/3nQdtyY.

установи треба да биде во согласност со наставните планови и програми за основно образование за возрасни, што ќе ги замени сегашните модели.[156]

На 25 мај, министерот за правда ги потпиша измените и дополнувањата на Правилникот за распоредување, класификација и сместување на осудените лица во казнено-поправните установи, за да им се обезбедат на жените кои издржуваат затворски казни исти права и бенефиции како и на мажите.[157] Измените предвидуваат дека жена осуденик, која е осудена на казна затвор до три години или отслужила затворска казна од три години, ќе може да користи бенефиции по Правилникот и куќните правила на затворот Идризово.[158]

Поднесена е кривична пријава против вработен во затворската полиција во затворот Идризово, кој извршил „незаконско ослободување на лице лишено од слобода", бидејќи ослободил осуденик, овозможувајќи му да избега од објектот. Истиот ден, осуденикот извршил грабеж со оружје, а потоа бил фатен од полицијата и притворен.[159]

## Заштита на личните податоци

Во периодот на известување, се јави проблем со злоупотреба на лични податоци за добивање на брзи заеми. Министерството за внатрешни работи пријави зголемување на бројот на ваквите случаи, при што минатата година биле евидентирани 43 случаи и 76 случаи помеѓу 2019 и 2021 година. Иако Министерството за финансии ги надгледува трговските друштва што работат со финансии, сепак не ги решава нерегуларностите поврзани со злоупотребата на податоците, припишувајќи ја одговорноста на Министерството за внатрешни работи и на Агенцијата за заштита на личните податоци. Агенцијата, пак, изјави дека софтверот за идентификација од далечина што го користат овие компании може да ја олесни злоупотребата на податоците и ги повика лицата да ги пријавуваат злоупотребите со цел да се спроведе истрага. Министерството за внатрешни работи спроведува истраги, но тие сепак се комплексни, што доведува до доцнења и можна појава на злоупотреба на податоците.[160]

## Слобода на изразување

Владата на 149. седница го финализираше предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.[161] Предложените амандмани првенствено се однесуваат на финансирањето на јавниот сервис, Македонската Радио Телевизија (МРТ) и ја испитуваат можноста за намалување на сегашните средства. Дополнително, измените имаат цел

156 „Усвоени законски измени со кои системски се решава образованието во воспитно и казнено-поправните установи", Радио МОФ, 11 април 2023, https://www.radiomof.mk/usvoeni-zakonski-izmeni-so-koj-sistemski-se-reshava-obrazovanieto-vo-vospit-no-i-kazneno-popravnite-ustanovi/.

157 „Министерот за правда, Кренар Лога, ги потпиша измените на Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 25 мај 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6554.

158 „Лога стави потпис: Жените во затворот 'Идризово' ќе ги имаат правата како мажите", tocka.com.mk, 25 мај 2023, https://tocka.com.mk/vesti/446603/loga-stavi-potpis-zenite-vo-zatvorot-idrizovo-ke-gi-imaat-pravata-kako-mazite.

159 „Кривична пријава против вработен во затворот Идризово: Му овозможил на затвореник да избега, кој потоа ограбувал во Скопје", ТВ 21, 25 мај 2023, https://mk.tv21.tv/krivichna-prijava-protiv-vraboten-vo-zatvor-idrizovo-mu-ovozmozhil-na-zatvore-nik-da-izbega-koj-potoa-ograbuval-vo-skopje/.

160 „Брзи кредити на туѓ грб", Prizma.mk, 29 мај 2023, https://prizma.mk/brzi-krediti-na-tug-grb/.

161 „Од 149. седница на Владата: Продолжен е рокот за замрзнување на цените на определени продукти; утврден е предлогот на Законот за АВМУ; заклучоци околу предметот на терминалот во Александрополис", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 25 април 2023, https://vlada.mk/node/33034.

регулирање на мултимедијалните содржини, кои содржат текст, аудио и видео, додека интернет-порталите ќе бидат опфатени во идните подзаконски акти.[162]

Република Северна Македонија има подобрување во рангирањето според Индексот за слобода на медиумите на „Репортери без граници", моментално е на 38. позиција од 180 земји, што е значително зголемување во однос на претходното рангирање на 57. позиција. Сепак, извештајот ги нагласува предизвиците како што се широкораспространетите дезинформации, недостатокот на професионализам и намалената доверба во медиумите, кои ги изложуваат независните новинари на закани и напади. Извештајот, исто така, го забележува постојаниот проблем со непријателско и понижувачко однесување на државните претставници кон новинарите.[163]

Кон крајот на јуни, новинарите во Република Северна Македонија се соочија со закани за време на телевизиските контактни емисии. Анонимен јавувач се закани дека ќе им наштети на сите телевизиски новинари, вклучувајќи го и водителот на емисијата. Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) ја осуди оваа закана како говор на омраза кон целата новинарска професија, медиумските работници и телевизијата, што претставува директен ризик за безбедноста на новинарите и слободата на изразување.[164] Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), исто така, ги осуди овие вербални закани, нагласувајќи дека тие ја поткопуваат демократијата, слободата на изразување и виталната улога на медиумите за јавниот интерес и свест. Безбедноста на медиумските работници мора да биде заштитена во секое време.[165]

## Ранливи групи и начело на недискриминација

Националната нацрт-стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 беше објавена во април[166], по што следуваа завршни консултации во јуни.[167] Стратегијата има цел да ги промовира и да ги заштити правата на лицата со попреченост и да обезбеди нивно целосно учество и достоинство. Сепак, коалицијата „Менуваме" го критикуваше процесот на изготвување, тврдејќи дека тие не биле поканети да учествуваат.[168] Министерството за труд и социјална политика го бранеше процесот, наведувајќи дека се вклучени неколку здруженија на лица со попреченост.[169] Друг нацрт-закон беше објавен во мај, со фокус врз системот за процена на лицата со попреченост. Законот опфаќа различни аспекти на процесот на процена, лиценцирање и управување со информации.[170]

---

162 „Утврдени предлог-измените на Законот за АВМУ", Mkd.mk, 25 април 2023, https://mkd.mk/node/514473.

163 „С. Македонија напредува според слободата на медиумите", Дојче веле, 3 мај 2023, https://www.dw.com/mk/s-makedonija-na-preduva-spored-slobodata-na-mediumite/a-65500645?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

164 „ЗНМ: Остра осуда за упатените јавни закани за насилство кон новинарите и медиумските работници, изнесени во контактна емисија на ТВ24", официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 28 јуни 2023, https://bit.ly/3JSpF3.

165 „ААВМУ: Сите форми на напади на новинарите се директен напад врз демократијата во едно општество", Радио МОФ, 29 јуни 2023, https://www.radiomof.mk/aavmu-site-formi-na-napadi-na-novinarite-se-direkten-napad-vrz-demokratijata-vo-edno-opshtestvo/.

166 Министерство за труд и социјална политика, „Нацрт-национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 со Акциски планови 2023-2026", ЕНЕР, 3 април 2023, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=newdocumentdetails&detalisId=61.

167 „Завршна консултација за нацрт-стратегијата за правата на лицата со попреченост", официјална интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 9 јуни 2023, https://bit.ly/3NJfc2o.

168 „Коалицијата 'Менуваме' ги поздравува предлог законските измени во Собранието, но бара лицата со попреченост да бидат наведени во Уставот", Opserver.mk, 12 јуни 2023, https://opserver.mk/politika/koalicija-menuvame-gi-pozdravuva-predlog-zakon-skite-izmeni-vo-sobranieto-no-bara-licata-so-poprechenost-da-bidat-definirani-vo-ustavot/.

169 „Коалицијата 'Менуваме' не ја прифаќа нацрт-националната стратегија за правата на лицата со попреченост", Телма ТВ, 12 јуни 2023, https://telma.com.mk/2023/06/12/koalicijata-menuvame-ne-ja-prifakja-nacrt-nacionalnata-strategija-za-pravata-na-lica-ta-so-poprechenost/.

170 Министерство за труд и социјална политика, „Нацрт на Законот за системот за проценка на лица со попреченост", ЕНЕР, 22 мај 2023, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79449.

Покрај тоа, друга[171] судска пресуда донесена во април ја истакна директната дискриминација на лицата со попреченост во остварувањето на нивното право на глас, нагласувајќи ја потребата од пристапни избирачки места.[172]

Во ноември 2022 година, претседателот и членот на КСЗД поднесоа оставка и беа избрани нов претседател и заменик-претседател на КСЗД.[173] На средината на февруари, КСЗД објави јавен оглас за избор на два члена неопходни за комплетирање на Комисијата: еден член со мандат од пет години и еден член со мандат од една година, два месеца и осум дена.[174] Потоа, Мрежата за заштита од дискриминација повика на[175] итни избори за пополнување на испразнетите места во КСЗД, како што е истакнато во извештајот на Европската комисија (ЕК) за земјата.[176]

КСЗД доби многу претставки во 2022 година, кои се однесуваат на различни области, како што се работа, медиуми, образование и социјална сигурност.[177]

Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу КСЗД и Народната банка на Северна Македонија за унапредување на еднаквоста и недискриминацијата.[178]

Во јуни, лицата со попреченост протестираа, барајќи зголемување на надоместоците за попреченост и на финансиската поддршка.[179]

## Родови прашања

Поради тоа што жените во земјоделскиот сектор немаат платено породилно отсуство[180], Владата донесе програма за обезбедување на социјална сигурност за жените кои се занимаваат со земјоделска дејност.[181] Сепак, земјоделските организации и невладините организации (НВО) побараа програмата да се трансформира во законски амандман,[182] што го потврди и Собранието.

171 „Владата и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 1 септември 2022, https://bit.ly/3hHEqSk.

172 „Основниот граѓански суд утврди дека Владата и ДИК ги дискриминирале лицата со попреченост", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 19 април 2023, https://mhc.org.mk/news/osnovniot-graganski-sud-utvrdi-deka-vladata-i-dik-gi-diskriminirale-licata-so-poprechenost/.

173 „КСЗД со нов претседател", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 ноември 2022, https://bit.ly/3klkxls.

174 „Одлука за објавување на јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 34/2023.

175 „Собранието итно да избере членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", официјална интернет-страница на Мрежата за заштита од дискриминација, 6 април 2023, http://mzd.mk/en/vesti/sobranie_izbor_kszd/.

176 „КСЗД во Извештајот на Европската комисија", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 18 октомври 2022, https://bit.ly/3ZEAS50.

177 „Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година", 19 мај 2023, https://bit.ly/3oPWOfM.

178 „Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народната банка", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 8 мај 2023, https://bit.ly/3WWbcj9.

179 „Лицата со попреченост бараат зголемување на социјалните права за 78%, колку што порасна платите на функционерите", Телма ТВ, 7 јуни 2023, https://telma.com.mk/2023/06/07/licata-so-poprechenost-baraat-zgolemuvanje-na-socijalnite-prava-za-78-kolku-shto-porasnaa-platite-na-funkcionerite/.

180 „Земјоделките произведуваат храна за сите и одгледуваат генерации, а немаат платено породилно отсуство", Радио МОФ, 12 декември 2022, https://www.radiomof.mk/zemjodelkite-proizveduvaat-hrana-za-site-i-odgleduvaat-generacii-a-nemaat-plateno-porodilno-otsustvo/.

181 „Програма за поддршка на социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 31/2023.

182 „Жените земјоделки бараат законско решение за породилно отсуство", Сител ТВ, 20 февруари 2023, https://sitel.com.mk/zhenite-zemjodelki-baraat-zakonsko-reshenie-za-porodilno-otsustvo.

Во првата фаза едногласно беше донесен предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со што се овозможи платено породилно отсуство за жените земјоделки.[183]

Донесувањето на Законот за матична евиденција и на Законот за родова еднаквост предизвика загриженост кај лидерите на верските заедници во Република Северна Македонија. Тие изразија загриженост за иднината на нивните членови, особено жените и децата, тврдејќи дека промовирањето на различни родови идентитети и флуидност меѓу нив може да предизвика штета.[184] Македонската православна црква организираше протест против овие закони[185] и доби поддршка од Исламската верска заедница.[186] Граѓанското општество реагираше, при што Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) изрази загриженост за безбедноста на лезбиската, геј, бисексуалната, транс и интерсексуалната заедница (ЛГБТИ) за време на протестот.[187] Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација го осудија протестот како обид за притисок за повлекување на предлог-законите.[188] И покрај овие критики, митингот привлече илјадници учесници[189] и доби поддршка од јавни личности.[190] Владика од Македонската православна црква изјави дека родовата еднаквост е перверзна и поврзана со зголемената стапка на разводи.[191] Оваа изјава доведе до барања за разрешување на владиката,[192] а феминистите и активистите за човекови права ја критикуваа изјавата затоа што ги поттикнува штетните родови стереотипи и дискриминацијата на жените.[193]

Во април, Националниот совет за родова рамноправност отвори советувалиште за жртви на семејно насилство и потпиша Меморандум за соработка со Министерството за внатрешни работи за унапредување на превенцијата и заштитата од семејно и родово базирано насилство.[194]

183 „Собранието на РСМ го изгласа предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување со кој се овозможува платено породилно отсуство за земјоделки", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 12 мај 2023, https://bit.ly/3MYjwKU.

184 „Лидерите на петте верски заедници предлагаат повлекување на предлог-законите за матична евиденција и за родова еднаквост", 24 Вести, 5 мај 2023, https://24.mk/details/liderite-na-pette-verski-zaednici-predlagaat-povlekuvanje-na-predlog-zakonite-za-matichna-evidencija-i-za-rodova-ednakvost.

185 „МПЦ-ОА организира протест против Законот за родова еднаквост и измените за матична евиденција", Слободен печат, 23 јуни 2023, https://bit.ly/44NTgdh.

186 „ИВЗ е против законите за родова еднаквост и за матична евиденција", Opserver.mk, 29 јуни 2023, https://opserver.mk/makedonija/ivz-e-protiv-zakonite-za-rodova-ednakvost-i-za-matichna-evidencija/.

187 „Хелсиншки објави препораки за ЛГБТИ-лицата бидејќи е загрижен за нивната безбедност за време на утрешниот протест", 360 степени, 28 јуни 2023, https://360stepeni.mk/helsinshki-objavi-preporaki-za-lgbti-litsata-bidejki-e-zagrizhen-za-nivnata-bezbednosta-za-vreme-na-utreshniot-protest/.

188 „Платформа за родова еднаквост: Стоп за омразата и насилството врз жените", Радио МОФ, 28 јуни 2023, https://www.radiomof.mk/platforma-za-rodova-ednakvost-stop-za-omrazata-i-nasilstvoto-vrz-zhenite/.

189 „Неколку илјади граѓани на протестен собир во Скопје против законите за родова еднаквост и за матична евиденција, Радио МОФ, 29 јуни 2023, https://www.radiomof.mk/nekolku-iljadi-gragjani-na-protesten-sobir-vo-skopje-protiv-zakonite-za-rodova-ednakvost-i-za-matichna-evidencija/.

190 „Да ги одбраниме децата од безбожните пропаганди! Поглаварот г.г. Стефан од собирот против законите за родова еднаквост", Plusinfo.mk, 29 јуни 2023, https://plusinfo.mk/da-gi-odbranime-decata-od-bezbozhnite-propagandi-poglavarot-g-g-stefan-od-sobirot-protiv-zakonite-za-rodova-ednakvost/.

191 „Видео: Владиката Петар со жесток напад на феминизмот – родовата еднаквост била изопачена", Либертас, 17 април 2023, https://libertas.mk/video-vladikata-petar-so-zhestok-napad-na-feminizmot-rodovata-ednakvost-bila-izopachena/.

192 „Феминистките и борците за човекови права во контранапад – бараат разрешување и расчинување на владиката Петар кој е противник на феминизмот", Телма ТВ, 19 април 2023, https://telma.com.mk/2023/04/19/feministkite-i-borcite-za-chovekovi-prava-vo-kontranapad-baraat-razreshuvanje-i-raschinuvanje-na-vladikata-petar-koj-e-protivnik-na-feminizmot/.

193 „Платформа за родова еднаквост: Кој му даде на владиката концесија за телевизијата да ги 'забавува' граѓаните со опасна, погубна и отровна идеологија против жените?", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 19 април 2023, https://mhc.org.mk/news/platforma-za-rodova-ednakvost-koj-mu-dade-na-vladikata-koncesija-za-televizija-da-gi-zabavuva-graganite-so-opasna-pogubna-i-otrovna-ideologija-protiv-zhenite/.

194 „Отворено советувалиште за жртви на семејно насилство и потпишан Меморандум за соработка помеѓу МВР и НСРР", Слободен печат, 13 април 2023, https://bit.ly/3J1MKYd.

Во врска со судскиот предмет за интервју на „Јутјуб“ со расистичка и ксенофобична содржина,[195] двајцата обвинети негираа дека се чувствуваат виновни. Тие тврдеа дека нивното однесување е извадено од контекст за време на судското рочиште.[196] Кон крајот на јуни беше презентиран Вториот национален извештај за родова еднаквост за 2022 година. Извештајот служи како патоказ и извор на податоци за унапредување на родовата еднаквост и еднаквите можности во Република Северна Македонија.[197]

## ЛГБТИ+

Република Северна Македонија доживеа мало назадување во однос на правата на ЛГБТИ+, според Мапата и Индексот на виножитото на ИЛГА-Европа. Земјата е рангирана на 32. место од 49 европски земји, едно место подолу од претходната година. За да се подобри состојбата, ИЛГА-Европа препорачува донесување на фер и транспарентна правна рамка за признавање на родот, развој на акциски планови што конкретно се однесуваат на сексуалната ориентација и родовиот идентитет и распределба на средства за нивно спроведување. Дополнително, извештајот предлага воведување законодавство за говор на омраза насочено кон кривични дела мотивирани од сексуална ориентација и родов идентитет, заедно со механизми за нивно ефикасно спроведување.[198]

Годишната парада на гордоста, организирана од Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, се одржа на 24 јуни со тема „Гласно и гордо“. Парадата имаше цел да создаде поддржувачка и славеничка средина за лицата ЛГБТК+ и привлече околу 1.500 до 2.000 учесници, меѓу кои и функционери и странски дипломати.[199] Настанот се одвиваше мирно, при што зголеменото полициско присуство гарантираше безбедност.[200] Сепак, се организираше и еден мал контрапротест на група студенти, кој не успеа да добие масовност.[201]

Како одговор на критиките на социјалните медиуми, градоначалникот на Струмица се изјасни дека сите меморандуми потпишани со организациите за правата на ЛГБТК+ ќе бидат поништени. Градоначалникот се соочи со обвинувања дека го поддржува движењето против законите за родова еднаквост и матична евиденција.[202] Платформата за родова еднаквост го осуди ова, истакнувајќи дека постои можна поларизација и охрабрување на говорот на омраза и нетолеранцијата.[203]

195 „Спорно Јутјуб интервју со Латас, реакција на МВР и ОЈО“, Алсат М, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3JPxKNW.

196 „Латас и Лазаров не се чувствуваат виновни“, Курир, 19 јуни 2023, https://kurir.mk/makedonija/vesti/latas-i-lazarov-ne-se-chuvstvuvaat-vinovni/.

197 „МТСП: Индексот на родовата еднаквост носи напредок во однос на прашањето за родовата еднаквост“, Канал 5, 29 јуни 2023, https://kanal5.com.mk/mtsp-indeksot-na-rodovata-ednakvost-nosi-napredok-vo-odnos-na-prashanjeto-za-rodovata-ednakvost/a588854.

198 „С. Македонија назадуваше едно место според ЛГБТ+ правата, останува меѓу најлошите во регионот“, Радио МОФ, 17 мај 2023, https://www.radiomof.mk/s-makedonija-nazaduvashe-edno-mesto-spored-lgbt-pravata-ostanuva-megju-najloshite-vo-regionot/.

199 „На 24 јуни под слоганот ʼГласни и гордиʻ, се организира четврта Парада на гордоста во Скопје“, Алфа ТВ, 4 јуни 2023, https://bit.ly/45LNlHf.

200 „Мирно, со полиција и поддршка од амбасадите: Барања за слободно родово самоопределување упатени од скопската Парада на гордоста“, Гласот на Америка, 25 јуни 2023, https://mk.voanews.com/a/7151637.html.

201 „Протест против ʼПарадата на гордостаʻ – слаб интерес, присуствуваа само четворица луѓе“, ТВ 21, 24 јуни 2023, https://mk.tv21.tv/protest-protiv-paradata-na-gordosta-slab-interes-prisustvuvaa-samo-chetvoritsa-luge/.

202 „Костадин Костадинов влезе во војна со ЛГБТ организациите: Струмица излезена со ʼпречкртано виножитоʻ“, А1 Он, 21 јуни 2023, https://bit.ly/3D7tSn4.

203 „Платформа за родова еднаквост: Функцијата градоначалник на општината не е да прави поделби во граѓанското општество на ʼпослушниʻ и ʼнепослушниʻ организации, туку да работи доброто за граѓаните“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 23 јуни 2023, https://bit.ly/3XP9WyL.

КСЗД утврди дека владиката извршил дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет на јавни настапи на телевизија. Тие истакнаа дека тој има одговорност да избегнува промовирање дискриминација и да не го повредува достоинството на другите со своите изјави. На владиката му беше даден рок од 30 дена да одговори на препораките на КСЗД или ќе може да се почне прекршочна постапка.[204]

## Роми

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) информираше за смрт на млад Ром, кој не можел да добие лична карта, поради што немал пристап до здравствена заштита. Мажот, на возраст од дваесет години, почина поради нелекуван дијабетес тип 1. МЗМП истакна дека фактори што придонеле за трагичниот исход се административните пречки, непочитувањето на конвенциите во законите и подзаконските акти и општата институционална небрежност кон поединците без соодветна идентификација.[205]

На почетокот на јуни беа пронајдени навредливи графити со кукести крстови и навредливи натписи на куќи во сопственост на ромската заедница во Битола. ХКЧП остро го осуди овој чин и ги повика властите да го истражат инцидентот, да ги идентификуваат сторителите и да го класифицираат како злосторство од омраза.[206]

204 „КСЗД утврди дека епископот Јаков Стобиски има извршено дискриминација и тоа да ѝ се извини на ЛГБТИ заедницата“, Слободен печат, 26 јуни 2023, https://www.slobodenpecat.mk/kszd-uvrdi-deka-episkopot-jakov-stobiski-ima-izvrsheno-diskriminacija-i-treba-da-se-izvini-na-lgbti-zaednicata/.

205 „Почина нашиот сограѓанин Мемет Камбер, дваесетгодишник кој не доби право да има права“, официјална интернет-страница на Македонското здружение на млади правници, 30 мај 2023, https://myla.org.mk/49083/.

206 „Кукастите крстови врз куќите на Ромите е злосторство од омраза“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 8 јуни 2023, https://bit.ly/3Xi5yZ8.

